АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2024



Скопје, март 2025

# Содржина


1. РЕЗИМЕ ........ 3

2. ВОВЕД ........ 7

3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА ........ 9

4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА ........ 14

4.1. ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ЖАЛБИ ........ 14

4.2. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ И НИВНА СТРУКТУРА ........ 16

4.3. ЖАЛБИ ПОДНЕСЕНИ ПРОТИВ ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ ........ 18

4.4. КАРАКТЕР НА ПОДНЕСЕНИ ЖАЛБИ ........ 19

4.4.1. Иматели на информации кои не постапиле по решенија на Агенцијата ........ 23

4.4.2. Состојба на предмети по тужби ........ 24

4.4.3. Спроведување и искуства од примената на Законот ........ 26

4.4.4. Прекршочна постапка ........ 28

4.4.5. Листа на иматели на информации ........ 29

4.4.6. Годишни извештаи на имателите ........ 30

4.4.7. Содржина на Годишни извештаи ........ 36

4.4.8. Соработка со службени лица кај имателите ........ 37

4.4.9. Мониторинзи на веб страните на имателите и едукативни материјали ........ 38

4.4.10. Обуки и едукација ........ 41

4.4.11. Веб локација на Агенцијата ........ 43

4.4.12. Јавност во работата ........ 44

4.5. ОБУКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ ........ 51

5. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ПРОЕКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ВО 2024 ГОДИНА ........ 55

5.1. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА НА АГЕНЦИЈАТА ВО 2024 ГОДИНА ........ 55

5.1.1. Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030 и Акциски план 2023-2026 ........ 55

5.1.2. Рамка за проценка на изводливост/ перформанси ПФМ ........ 60

5.1.3. Националната стратегија за информатичко-комуникациски и телекомуникациски развој ........ 61

5.1.4. Ратификувана конвенцијата на Советот на Европа за Пристап до Официјални Документи (Тромсо Конвенција) ........ 62

5.2. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ПРОЕКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ВО 2024 ГОДИНА ........ 64

5.2.1. Активности на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер како членка во Меѓународната конференција на комесари за информации (ICIC)....64
5.2.2. Твининг Лајт апликација....67
5.3. СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ....67
5.4. ОСТАНАТИ РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ....69
5.4.1. На покана на UNESCO во мај 2024 година, Агенцијата учествуваше во годишното истражување за јавен пристап до информации за 2023 на SDG Индикатор 16.10.2....69
5.4.2. Подготовка на Извештаи и Подготовка на материјали за придонесот на Северна Македонија кон Извештајот на Европската Комисија....70
5.4.3. Подготовка на извештаи, анализи, посетени работилници и присуство на конференции....70
6. БУЏЕТ, ЗАВРШНА СМЕТКА И ФИНАНСИРАЊЕ....75
6.1. КРАТОК ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ....75
6.2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТ....76
6.2.1. Сметка 193026288063710....78
6.2.2. Сметка 193026288078511....79
6.2.3. Сметка 193026288078526....80
6.3. КОМПАРАТИВНА ТАБЕЛА НА БУЏЕТ И РАСХОДИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ....80
6.4. ЗАВРШНИ СМЕТКИ ЗА 2024 ГОДИНА....81
7. ЗАКЛУЧОЦИ:....82
8. ПРЕПОРАКИ:....82
9. ПРИЛОЗИ....83

# 1. РЕЗИМЕ

Актуелноста на дигиталната ера несомнено, од ден во ден, станува неодминлив дел на современата комуникација и размена на информации. Проактивното објавување на информациите е од исклучителна важност за функционирањето на сите современи, демократски институции. Со зголемената употреба на дигиталните технологии, институциите - иматели на информации сѐ повеќе ги објавуваат и управуваат со јавните информации преку своите интернет страници. Тоа носи одредени предности како на пример: **Поголема достапност** - граѓаните можат лесно да пристапат до податоци без физичко барање, **Брзина и ефикасност** - дигиталните алатки овозможуваат побрз процес на обработка и дистрибуција на информации, и **Автоматизација на барања** - некои системи нудат автоматски одговори на барањата за информации, намалувајќи ја бирократијата. Сепак, преку зголемената дигитална отвореност се отвораат и нови предизвици во поглед на точноста и ажурирањето на податоците. Во оваа насока треба да се размислува за заштитата на јавниот интерес имајќи предвид дека пристапот до информации од јавен карактер е фундаментално демократско право на граѓаните, вградено во Уставот на Република Северна Македонија. Дополнително, пристапот до информации служи како клучен механизам за почитување на владеењето на правото и промовирање на добро владеење на сите нивоа на јавната администрација, на централно и на локално ниво.

Слободниот пристап до информации од јавен карактер функционира како превентивна алатка во борбата против корупцијата преку зајакнување на институционалната транспарентност и одговорност. Овој двоен ефект ја зајакнува отвореноста на јавните институции додека истовремено ги ограничува можностите за злоупотреба на јавните овластувања, обезбедувајќи законитост и процедурална регуларност. Во овој контекст, транспарентноста и отчетноста на јавните власти се од суштинско значење за правилно функционирање на едно демократско општество и владеење на правото.

Спроведувањето на правото на пристап до информации од јавен карактер го олеснува остварувањето на јавниот интерес, овозможува надзор над активностите на јавниот сектор и придонесува за поинформирано граѓанство, за одлучувањето и спроведувањето на политиките. Исто така, обезбедува контрола на јавноста над буџетските расходи и ја зајакнува довербата на граѓаните во јавните институции.

Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер (во натамошниот текст: „Агенцијата“) со овој Извештај ги презентира своите активности кои ги спроведе и оствари во текот на извештајната 2024 година, пред Собранието на Република Северна Македонија.

Врз основа на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер (во натамошниот текст „ЗСПИЈК“), Агенцијата е државен орган надлежен за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер. Како независен и самостоен државен орган, Агенцијата работи под раководство на директор и негов заменик, избрани од Собранието на Република Северна Македонија.

Како второстепен управен орган, Агенцијата во извештајната 2024 година обработи 354 жалбени предмети, придржувајќи се кон законски утврдените рокови. Покрај тоа, Агенцијата се ангажираше во различни правни и административни активности во нејзина надлежност, обезбедувајќи навремено решавање на сите предмети во текот на извештајниот период.

Во текот на 2024 година, Агенцијата ја продолжи соработката со граѓанските организации, активно вклучувајќи се во проекти насочени кон промоција и унапредување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Во извештајната 2024, Агенцијата оствари важни активности и во доменот на меѓународната соработка, придонесувајќи кон унапредување на правото на пристап до информации од јавен карактер. Агенцијата зеде учество на повеќе регионални и меѓународни форуми посветени на оваа тема, вклучително и на традиционалната регионална конференција „Иницијатива 2020“, која претставува платформа за соработка меѓу надлежните сродни институции од Босна и Херцеговина, Црна Гора, Хрватска, Словенија, Косово, Северна Македонија и Србија.

Дополнително, Агенцијата и во текот на 2024 година, активно учествуваше на Меѓународната конференција на комесари за информации МККИ (ICIC), со што даде важен придонес за зајакнување на билатералните и мултилатералните партнерства. Соработката со сродните инситуции од регионот, Европа и од светот се од суштинско значење за размена на искуства, спроведување на најдобрите практики и понатамошен развој на механизмите за заштита на правото на пристап до информации од јавен карактер, со крајна цел унапредување на транспарентноста и заштитата на јавниот интерес.

Во текот на извештајната 2024 година, Агенцијата иницираше предлог до Министерството за правда за започнување постапка за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до официјални документи, т.н. Тромсо Конвенција. Како резултат на ова, по спроведената постапка, во која активно учество и помош даде Агенцијата, на 13. август 2024 година, Собранието на Република Северна Македонија ја ратификуваше Конвенцијата, со Закон за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до официјални документи, потпишана од Република Македонија на 18.јуни 2009 година (Службен весник на Република Северна Македонија број 170/2024).

Како резултат на ратификацијата на Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до официјални документи, по покана од Министерството за правда Агенцијата зеде активно учество во работна група за измени и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Од досегашната пракса и примена на Законот, Агенцијата констатираше потреба од измена и дополнување на одредени членови во Законот, заради што и упати иницијатива до Министерството за правда за да се формира и отпочне со работа работна група за измени и дополнување на Законот, како и усогласување со Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до официјални документи, со цел за подобрување на пристапот до информации од јавен карактер во Република Северна Македонија.

Во рамки на своите редовни активности, Агенцијата, како единствен државен авторитет во областа на јавниот интерес и слободниот пристап до информациите од јавен карактер, во континуитет, успешно спроведува обуки за службените лица за информации од јавен карактер. Во текот на 2024 година, во просториите на Агенцијата беа организирани 9 бесплатни обуки, поделени во два циклуса: првиот во периодот од јануари до јуни, а вториот од септември до декември. Овие обуки беа насочени кон унапредување на проактивната и реактивната транспарентност, како и кон обуки за користење на е-порталот за имателите на информации, кој овозможува дигитална обработка на барањата за пристап до информации. Сепак, мора да се нагласи дека значителен дел од институциите и службените лица кои беа поканети на обука, и покрај важноста на ваквиот вид едукација за ефикасно управување со барањата за информации од јавен карактер, не покажаа интерес за учество.

Проценката на Агенцијата, врз основа на списите од првостепената административна постапка, укажува дека значителен број од тековно регистрираните службени лица за посредување со информации од јавен карактер, во 1.465 институции, немаат доволно познавање за Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Дополнително, честите

кадровски промени во институциите доведуваат до замена на веќе обучени службеници со лица кои не поминале соодветна обука, што ја нагласува потребата од континуирано стручно усовршување. Во тој контекст, од суштинско значење е спроведување на дополнителни обуки и обезбедување советодавна поддршка со цел зајакнување на институционалните капацитети на централно и на локално ниво.

Извештајниот период овозможи дополнителен увид во клучните статистички податоци за улогата на Агенцијата како второстепен управен орган. Анализата на поднесените жалби во 2024 година покажува дека остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер најчесто го користиле физички лица, кои поднеле вкупно 194 жалби (54,80%).По нив следуваат жалбите поднесени од невладини организации, здруженија и фондации, во вкупен број од 144 случаи, како и 16 жалби поднесени од правни лица.

Содржината на поднесените жалби укажува дека граѓаните најчесто се повикуваат на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (ЗСПИЈК) во случаи кога институциите не ги обезбедуваат бараните информации, од кои зависи остварувањето на нивните права и интереси кои произлегуваат од матичните надлежности на институциите - иматели на информации. Во значителен број случаи, институциите не ги почитувале основните законски одредби што го регулираат нивното работење, што резултирало со молк на управата и непостапување по барањата за информации во законски утврдените рокови (20 дена за стандардни барања и 30 дена за обемни барања). Оваа административна инерција е најчеста причина за поднесените жалби, опфаќајќи вкупно 245 случаи или 69,2% од сите жалби.

Понатаму, одреден број жалбени постапки биле иницирани од адвокати и адвокатски друштва кои настојувале да обезбедат докази за потребите на управни или судски постапки, без да ги почитуваат пропишаните процедурални правила за собирање докази согласно одредбите од Законот за адвокатура и другите материјални закони. Ваквата практика претставува несоодветна примена на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, што дополнително ја нагласува потребата од унапредување на разликата помеѓу ова право и стандардните правни механизми за прибавување на докази во судски и управни процеси.

Со оглед на континуираното присуство на административниот молк, Агенцијата и натаму ја истакнува неопходноста од проактивна транспарентност и навремено постапување на институциите по барањата за

пристап до информации од јавен карактер. Во таа насока, презеде континуирани мерки за унапредување на проактивното објавување информации од страна на имателите на информации и воведе дополнителни подзаконски акти со цел зајакнување на усогласеноста со законските обврски.

Како единствен државен орган надлежен за обезбедување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, Агенцијата претставува пример и ги поттикнува сите институции, како на централно, така и на локално ниво, да го издигнат ова право на ниво на повисок општествен приоритет. Ова подразбира засилување на проактивната транспарентност во рамките на нивните институционални структури и стратешки политики.

Кон ова, неопходно е да се продолжи со напорите за подигнување на свеста, особено меѓу раководните структури во институциите, со цел да се изгради култура на самоиницијативно (проактивно) објавување на информации од јавен карактер, без да се чека на поднесување барања од страна на барателите. Ова е од особена важност, имајќи предвид дека ЗСПИЈК претставува клучна антикорупциска алатка, чија доследна примена игра важна улога во борбата против корупцијата и зајакнувањето на институционалниот интегритет.

Во согласност со својата заложба за професионалност во областа на пристапот до информации од јавен карактер, Агенцијата останува посветена на идентификување на новите предизвици преку предлагање нови подобрени законски решенија. Во иднина, ќе продолжи да ја охрабрува комуникација меѓу барателите и имателите на информации, со цел да се обезбеди постојано унапредување на пристапот до информации од јавен карактер како фундаментално демократско право.

# 2. ВОВЕД

Заштитата и унапредувањето на уставно загарантираното право на слободен пристап до информации од јавен карактер преставува основна цел на Агенцијата. Оваа цел Агенцијата ја реализира преку навремено, ефикасно и независно спроведување на жалбената постапка, како и преку континуирано информирање на јавноста и едукација на барателите и имателите на информации. Во рамки на реализацијата на својата стратешка мисија, Годишниот извештај за 2024 година го опфаќа работењето на Агенцијата за

заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во контекст на нејзините законски надлежности. За појасен и подетален преглед, во продолжение се презентираат клучните параметри:

Во текот на извештајната 2024 година, до Агенцијата беа доставени вкупно 354 предмети/жалби, поднесени против управни и реални акти на првостепените органи или како резултат на т.н. молк на управата. Од нив, 245 жалби или 69,2% се однесуваат на непостапување на имателите на информации по барања за пристап до информации од јавен карактер, што укажува дека институтот „молк на управата" е сеуште присутен во висок процент и во извештајна 2024 година. Оваа состојба недвосмислено укажува на недоволната свест и разбирање, особено во дел од раководните структури на институциите – иматели на информации, за суштината и значењето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Оттука, може да се заклучи дека е неопходно Агенцијата да продолжи со својата посветеност, активен ангажман и зајакната синергија меѓу административните службеници и раководните структури, со цел намалување, а во перспектива и целосно елиминирање на молкот на управата.

Што се однесува до бројот на поднесени годишни извештаи од страна на имателите на информации во врска со примената на правото на пристап до информации, може да се заклучи дека од вкупно 1.465 иматели на информации, годишен извештај за примената на Законот до Агенцијата доставиле 1.414 иматели, односно 96.52%, додека 51 институција или 3,48% од имателите на информации не ја исполниле оваа законска обврска. Очигледен е континуираниот тренд на зголемување на бројот на доставени годишни извештаи од година во година.

Овој позитивен исход е резултат на систематската примена на законските механизми, при што Агенцијата, преку своето овластено лице, редовно иницира прекршочни постапки пред Прекршочната комисија против службените лица за посредување со информации од јавен карактер, кои не ја исполниле обврската за навремено поднесување на годишен извештај.

Во контекст на извештајната 2024 година, потребно е да се истакне дека Агенцијата не беше во можност целосно да ги оствари своите законски надлежности поради ограничените буџетски средства со кои располага. Како одговор на овие предизвици, Агенцијата вложи значителни напори за унапредување на исполнувањето на законската обврска за едукација на имателите на информации, преку продолжување на соработката со постојните партнери, како и воспоставување нови контакти и соработка со домашни и

меѓународни чинители во областа на пристапот до информации од јавен карактер. И покрај ограничените ресурси, реализацијата на овие активности беше на завидно ниво.

Во контекст на погоре наведеното, оправдано е да се истакне дека за поефикасно и поуспешно остварување на својата значајна улога во рамките на законските надлежности, а во согласност со европските вредности и најдобрите практики, Агенцијата има итна потреба од квалитетно кадровско засилување, и значително зголемена буџетска поддршка. Ова е од клучно значење, имајќи предвид дека активностите на Агенцијата во функција на заштитник на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер претставуваат суштински елемент во борбата против корупцијата, зајакнувањето на институционалниот интегритет и заштитата на јавниот интерес.

Само преку заеднички ангажман и доследно спроведување на принципите на транспарентност, отчетност, отвореност, инклузивност, интегритет и проактивно објавување информации од јавен карактер од страна на сите јавни институции на централно и локално ниво, може да се придонесе кон изградба на подобро и поправедно општество за сите граѓани во Република Северна Македонија.

# 3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер е самостоен и независен државен орган веќе пет години, односно инокосен орган предводен од директор и заменик директор .

Надлежностите на Агенцијата утврдени се таксативно со член 30 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019) Агенцијата ги врши следниве работи:

- води управна постапка и одлучува по жалби против решението со кое имателот на информацијата го одбил или отфрлил барањето за пристап до информации на барателите,
- се грижи за спроведување на одредбите од овој закон,
- подготвува и објавува листа на иматели на информации,

– дава мислења по предлози на закони со кои се уредува слободен пристап до информации,
– развива политики и дава насоки во врска со остварување на правото на слободен пристап до информациите,
– води прекршочна постапка преку Прекршочна комисија која одлучува по прекршок во согласност со закон,
– презема активности на планот на едукацијата на имателите на информации за правото на слободен пристап до информациите со кои тие располагаат,
– соработува со имателите на информации во однос на остварувањето на правото на пристап до информации,
– подготвува годишен извештај за својата работа и го доставува до Собранието на Република Македонија,
– извршува работи на меѓународна соработка поврзани со извршувањето на меѓународните обврски на Република Македонија, учество во спроведувањето на проекти на меѓународните организации и соработува со органите на другите земји и институции од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер,
– врши промоција на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер и
– врши и други работи утврдени со овој и друг закон.

Согласно Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места, кои акти се применуваат од 13.10.2020 година, а поаѓајќи од видот, обемот и степенот на сложеност на работите и задачите кои ги извршува Агенцијата, меѓусебната поврзаност и сродност на тие работи и задачи и другите услови потребни за нивно вршење, во Агенцијата, се формираат следните организациски единици:

1. Одделение за финансиски прашања;
2. Одделение за ИКТ - информатички и комуникациски технологи
3. Сектор за управно-правни и општи работи
    3.1. Одделение за управни постапки и
    3.2. Одделение за правни и општи работи,
4. Сектор за соработка, транспарентност и едукација
    4.1. Одделение за односи со јавност, транспарентност и едукација
    4.2. Одделение за соработка и анализи
    4.3. Одделение за меѓународна соработка и проекти

Организациската структура на Агенцијата е претставена во следниот графички приказ:

# ОРГАНОГРАМ

на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер




Со актот за систематизација се утврдени и опишани работни места за вкупно 50 извршители, распоредени по девет организациски единици, од кои на 31.12.2024 година пополнети биле вкупно 17 работни места, од кои сите

вработени се на неопределено време. Од вкупната бројка на вработени, 16 се со високо образование, а еден (1) со средно образование.

Квалификационата структура на вработените со високо образование е следна: седум (7) се дипломирани правници од кои тројца (3) се со положен правосуден испит, еден (1) е магистер по право од областа на казнено право, пет (5) се дипломирани економисти од кои еден (1) е магистер по организациски науки-менаџмент на човечки ресурси, еден (1) дипломиран економист од областа на менаџментот, еден (1) е дипломиран менаџер по човечки ресурси, а еден (1) е дипломиран економист по маркетинг и рекламирање, тројца (3) се со Филолошки факултет од кои еден (1) е магистер по филолошки науки во областа наука за јазик-албански јазик, а еден (1) англиски јазик и книжевност и еден (1) е дипломиран машински инженер.

Со средно образование е еден (1) вработен, кој е економски техничар.

Според категории на административни службеници, состојбата на 31.12.2024 година била следна:

- Генерален секретар: 1 (еден);
- Државен советник: 1 (еден);
- Раководител на сектор: 1 (еден);
- Помошник раководител на сектор: 1 (еден);
- Раководител на одделение: 2 (двајца);
- Советник: 6 (шест);
- Помлад соработник: 3 (тројца);
- Самостоен референт: 1 (еден);
- Виш референт: 1 (еден).

Националната припадност на вработените е следна: десет (10) се од македонска национална припадност (58,8%), пет (5) се од албанска национална припадност (29,4%), еден (1) е од влашка национална припадност (5,88%) и еден (1) е од ромска национална припадност (5,88%).

Процент од вкупниот број по национална припадност на вработените во Агенцијата:

| | Систематизирани работни места | Пополнети работни места | Процент од вкупен број на вработени | Високо образование | Средно образование |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонци | | 10 | 58,8% | 10 | 0 |
| Албанци | | 5 | 29,4% | 5 | / |
| Власи | | 1 | 5,88% | 1 | / |
| Роми | | 1 | 5,88% | / | 1 |
| Вкупно | 50 | 17 | 100% | 15 | 1 |

Од вкупниот број на вработени во Агенцијата по национална припадност и пол е следна: десет (10) се од македонска национална припадност од кои четворица (4) се од машки пол и шест (6) се од женски пол, пет (5) се од албанска националност од кои двајца (2) се од машки пол и три (3) се од женски пол, еден (1) од влашка националност е од женски пол и еден (1) е од ромска националност е од машки пол. Од вкупниот број вработени седум (7) вработени се од машки пол, а десет (10) се од женски пол, на возраст од триесет и две (32) до шеесет и две (62) годишна возраст.

Согласно Годишниот план за вработување на Агенцијата за 2023 година, на кој беше добиена финансиска согласност од надлежната институција, во текот на оваа извештајна година се спроведе постапка по пат на објавување на јавен оглас за вработување на еден (1) извршител, која што постапка заврши со вработување и пополнување на следното работно место:

1. Помлад соработник за работа на проекти, Одделение за меѓународна соработка и проекти, Сектор за соработка, транспарентност и едукација - еден (1) извршител.

Во текот на овој известаен период на двајца (2) извршители им престана работниот однос и тоа на еден (1) извршител од ромска национална припадност со звање Самостоен референт-архивар, Одделение за правни и општи работи, Сектор за управно-правни и општи работи на негово барање му престана

работниот однос на 31.08.2024 година, а на другиот извршител од влашка национална припадност од Одделение за финансиски прашања со звање Советник за буџетска контрола, спогодбено му престана работниот однос заклучно со 18.10.2024 година. Имено, вработениот трајно беше преземен во Државниот завод за ревизија.

# 4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА

## 4.1. ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ЖАЛБИ

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер веќе полни 18 години го имплементира и гарантира остварувањето на уставно и законски загарантираното право на граѓаните за добивање на информациите од јавен карактер, пред се како второстепен орган во постапката по барањата за пристап до информации од јавен карактер.

Имено, Агенцијата води управни постапки и одлучува по жалби од барателите на информации поднесени против имателите на информации, поради нивната нетранспарентност, поради непостапување согласно ЗСПИЈК, или пак донеле управни или реални акти со кои ги одбивале или отфрлале барањата за пристап до информации од јавен карактер поднесени од барателите.

Правото за поднесување жалба е право на сите физички и правни лица кои поднеле усно, писмено или електронско Барање за пристап до информации од јавен карактер до некој јавен орган, на централно, или на локално ниво, односно до било кој од имателите на информации, кои во постапката се појавуваат како првостепени орани кои постапуваат по барања од барателите на информации.

Агенцијата, како второстепен орган во постапката, добиените жалби од незадоволните баратели електронски ги препраќа на произнесување до имателите на информации, со барање во рок од седум (7) дена тие да се произнесат по жалбите и до Агенцијата да достават одговор на истите, како и

да ги приложат сите предметни списи, со цел Агенцијата веднаш да постапи и во законски предвидениот рок од 15 дена да донесе соодветна одлука.

При своето постапување согласно одредбите на ЗСПИЈК и Законот за општата управна постапка, Агенцијата првично на имателите на информации кои не постапиле по барањата за пристап до информации од јавен карактер им доставува решенија за наложување за постапување согласно ЗСПИЈК во рок од 15 дена од приемот на решението, со обврска повратно да ја известат Агенцијата за нивното постапување во тој рок. На оние иматели на информации кои се обиделе да постапат, но истото не го сториле согласно одредбите од Законот, односно одговориле или известиле, но не донеле управен акт (решение) со приложен одговор на барањата, Агенцијата им доставува решенија за повторно постапување од нивна страна, со укажување како истото да го сторат.

Во случај наведените првични решенија на Агенција да не покажат резултат во насока на остварувањето на целта на ЗСПИЈК – јавност и отвореност во работењето на имателите на информации и доставување соодветен одговор до барателите на информации, Агенцијата постапувајќи по повторно поднесени жалби, изготвува и доставува мериторни решенија до имателите на информации, со кои во најголем број истите се задолжуваат да им ги достават бараните информации на барателите.

Во продолжение, Агенцијата Ви доставува податоци за нејзините постапувања во текот на 2024 година:

Така, во извештајната 2024 година во Агенцијата се примени вкупно 354 жалби. Во споредба со претходната година, бројот на поднесени жалби е намален. Барателите на информации поднесувале жалби во текот на целата година, со следното темпо:

Во месец јануари до Агенцијата се поднесени 19 жалби, во февруари-22, март-41, април-52, мај-29, јуни-31, јули-20, август-19, септември-14, октомври-57, ноември-24 и во месец декември- 26.




Графикон 1: Број на поднесени жалби по месеци

При поднесување на погоре наведените жалби до Агенцијата и во оваа извештајна година како и во минатата, по втор пат од нејзиното постоење (вклучително и времето на нејзиниот правен претходник - Комисијата), предничат физичките лица со поднесени вкупно 194 жалби, по што следат здруженијата на граѓани и фондации со 144 и останати правни лица со 16 жалби.

Тргнувајќи од обврската и одговорноста на државните структури и јавните функционери да извршат интегрирање на родовата перспектива и да ги постигнат целите на политиките за родова еднаквост, Агенцијата од оваа извештајна година, во своето работење ја воведува родово сензитивната отчетност, па од тој аспект известува за 144 жалби поднесени од жени и 210 жалби поднесени од мажи.

## 4.2. РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ И НИВНА СТРУКТУРА

Во извештајната 2024 година, Агенцијата постапи по сите 354 оформени предмети и донесе одлуки по истите.

Одлучувајќи по пристигнатите жалби во 2024 година, Агенцијата донесе вкупно 320 конечни решенија и 59 мериторни решенија. Презентираните бројки се збир кој произлегува од постапувањето на Агенцијата согласно одредбите од

Законот за општа управна постапка според кој, покрај првичните решенија со кои се наложува на првостепените органи да постапат согласно ЗСПИЈК, или беа враќани на повторно постапување, но поради непостапување по конечниото решение на Агенцијата, а по поднесена повторна жалба, се носеа и мериторни решенија. Имателите на информации како првостепените органи најчесто постапуваа по донесеното мериторно решение. Имателите кои не постапија по одлуките на Агенцијата посегнаа по барање на правна заштита пред Управниот суд, поднесувајќи тужби со кои се бараше поништување на решенијата на Агенцијата, но нивниот број значително е намален за оваа извештајна година. Агенцијата против службените лица кои не постапија по нејзините решенија поведе прекршочни постапки, по иницијатива на барателите-жалители или пак по службена должност.

Работењето на Агенцијата во водење управни постапки во текот на 2024 година, статистички е прикажано низ следниве податоци:

- 121 решение со кои Жалбата се уважува и се наложува првостепениот орган да постапи по Барањето на барателот согласно ЗСПИЈК,
- 27 решенија со кои Жалбата се уважува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација,
- 34 решенија со кои Жалбата се одбива како неоснована,
- 10 решенија со кои Жалбата се отфрла како ненавремена,
- 19 решенија со кои Жалбата се отфрла како недопуштена,
- 89 решенија со кои Жалбата се уважува и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган, и
- 79 решенија со кои се запира постапката по Жалба поради повлекување на истата од страна на барателот, поради добиен одговор од страна на имателот, во текот на второстепената постапка.




Графикон 2: Решени предмети и нивна структура

## 4.3. ЖАЛБИ ПОДНЕСЕНИ ПРОТИВ ИМАТЕЛИТЕ НА ИНФОРМАЦИИ

Анализата на поднесените жалби покажува дека тие најчесто се поднесувани против:

- 140 државни институции на централно ниво,
- 93 општини,
- 43 јавни претпријатија и јавни установи,
- 25 судска власт,
- 25 правни и физички лица кои што вршат јавни овластувања,
- 20 образовни институции
- 7 здравствени институции и
- 1 политичка партија

Во споредба со минатата извештајна година, може да се забележи тенденција на намалување на бројот на жалби против државните институции и против јавните претпријатија и јавни установи, меѓутоа е зголемен бројот на жалби поднесени против имателите кај правните и физички лица кои што вршат јавни овластувања.




Графикон 3: Жалби поднесени против иматели на информации

## 4.4. КАРАКТЕР НА ПОДНЕСЕНИ ЖАЛБИ

Барателите на информации своите жалби ги поднесувале поради:

- 245 поради молк на управата (69,2%).
- 66 против решенија од имателите на информации (18,65%),
- 38 против одговор од имателите на информации (10,73%),
- 5 против известување од имателите на информации (1,4%)

Забележително за оваа извештајна година е намалениот број на жалби, но предизвикот со појавата на феноменот молк на управата е сеуште актуелен.

Во 2023 година беа евидентирани 277 поднесени жалби до Агенцијата поради молк на управата односно 61%, додека во 2024, вкупно се 245 жалби, односно 69,21%. Податоците говорат за значително зголемување на молкот на имателите на информации, за разлика од претходната извештајна година. Но од друга страна во 2024 година за 64 поднесени жалби поради молк на управата или за 26%, постапката е запрена по барање на барателот, заради тоа што бараната информација е добиена со медијација од страна на Агенцијата.

И покрај бројните одржани обуки за службените лица кај имателите на информации, загрижува процентот кој припаѓа на поднесени жалби поради непостапување на имателите на информации по барањата, во законски предвидените рокови, односно се поднесени поради молчење на првостепениот орган.

Од обработката на предметните списи, како и редовната комуникација со службените и раководните лица кај имателите на информации, може да се заклучи дека подготвеноста за отвореност кон јавноста е поголема кај службените лица, за разлика од раководните структури, кои одат во обратна насока. Поради тоа, останува актуелна потребата од организирање дополнителни обуки, работилници, тркалезни маси и слични презентации на ЗСПИЈК пред раководните лица кај имателите на информации.

Најчесто доставените жалби до Агенцијата доаѓаат како резултат на изразеното незадоволство на барателите на информации од не/ постапувањето од страна на имателите на информации, односно од добиени негативни решенија и одговори од имателите на информации, како и поради непостапување на првостепениот орган по одлуките на Агенцијата во врска со барања кои се однесуваат на:

- Список на барања на приватизација на градежно земјиште во државна сопственост по кои постапката на приватизација не е правно завршена;
- Дали надземните и подземните инфраструктурни објекти се означуваат на ист имотен лист или на посебни имотни листови;
- Постапката за јавна набавка на изработка на катастар на загадувачи на воздух на подрачјето на општините Струмица, Битола, Пробиштип, Крива Паланка, Делчево, Дебар и Свети Николе;
- Целокупните постапки по јавни набавки, која јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола;
- Препис од предметите за приватизација на градежно земјиште во државна сопственост, за кои е донесено решение за приватизација од страна на Управата за имотно- правни работи;

- Листа на објавени/завршени огласи за продажба на градежно земјиште во државна сопственост во периодот од 2019-2023 година и каде се објавени овие огласи;
- Листа на склучени договори за продажба на градежно земјиште во 2019-2023, со информации за предметот на продажба (намена на земјиштето), големина на земјиштето, цена на земјиштето, име на лицето (физичко или правно) со кое е склучен договор и датум на договорот;
- Во колку случаи сте одговориле позитивно, во колку негативно на барања за промена на инвеститор за градење, за откупено градежно земјиште пред исполнување на договорните обврски во периодот 2019-2023;
- Извештај од експертско вештачење на опожарениот мост Беласица и договорот со институцијата која го извршила вештачењето;
- Вкупен број на јавни обвинители во ЈО и вкупен број на предмети на работа во ЈО на 01.03.2020, 01.03.2021, 01.03.2022, 01.03.2023 и 01.03.2024;
- Колку имот Агенцијата за управување со одземен имот има одземено, прикажани посебно за секоја година, почнувајќи од 2016 година до 2024 и колкава е вредноста на одземениот имот;
- Детален финансиски извештај за финансиското работење, односно приходи и расходи, како и обртот на финансиските средства во период од 01.01.2019-31.03.2024;
- Колку функционери биле казнети за непријавување на имотните листови почнувајќи од 2020 година па се до 2024;
- Годишен финансиски извештај за 2022 на Здружението за заштита на авторски права – ЗАМП ( кој беше одложен за разгледување на Осумдесет и осмата седница на Владата одржана на 9 Јануари 2024 година);
- Информација за работата на ЗАМП и целосна документација од извршениот надзор во ЗАМП;
- Договорите (основи и анекси) што Министерството за внатрешни работи ги има склучено со економскиот оператор за набавка на обрасци за лични документи (пасоши, лични карти, возачки дозволи), .... сите договори за поддршка и одржување на системот за лични документи во периодот 2005-2024 година;
- Колку изнесува просечниот постигнат успех во бодови на кандидатите за полициски службеници за завршување обука за секоја класа поединечно во периодот од 2013 до денес;
- Број на вработени лиценцирани инспектори во општината, според области, категории и нивоа на работни места на инспекторите (состојба во 2019 и 2023 година);

- Број на предвидени работни места за инспектори согласно систематизацијата на работни места во општината;
- Колку вкупно активни склучени договори има фондот со примарни стоматолошки здравствени установи заклучно со Март 2024;
- Поединечно доделени средства преку општината до крајните корисници на буџетска ставка 463- трансфери до невладини организации во 2023 година;
- Поединечно доделени средства преку Министерството за труд и социјална политика до крајните корисници на буџетска ставка 463 Трансфери до невладини организации во 2023 година;
- Поединечно доделени средства преку Министерството за труд и социјална политика до крајни корисници, лиценцирани даватели на социјални услуги за 2023 година;
- Овозможување увид во сите деловодници од страна на МЖСПП Деловодник од 2011, 2. Деловодник од 2012, 3. Деловодник од 2024;
- Мерењата на концентрациите со SO2 и B5 (чад) од мониторинг мрежата за квалитет на воздух на сите мерни места на УХРМ од почеток на мерењата (1972) до крајот на мерењата (2010) или до денес;
- Дневни извештаи со вредност на секој половина час од континуираниот мониторинг на Цементарница Усје-АД Скопје за период 01.01.2023 до 01.01.2024 година;
- Достава на извештаи кои Цементарница Усје – АД Скопје ги доставува до МЖСПП;
- Годишниот извештај за животна средина за 2022;
- Последниот извештај за потрошувачка на алтернативни горива;
- На кој начин се транспортира водата за пиење од браната Турија до пречистителна станица во Струмица;
- Дали сеуште се користат азбестно- цементни цевки со поголем дијаметар;
- Опис на процесот за прочистување на водата во станицата (користење класични филтри, озантори, деструктор, алуминиум сулфат, хлор и др.); Дали се располага со лаборатории и стручен кадар за испитување на квалитетот на водата за пиење и какви анализи се прават во истите, да ни доставите извештаи за последните три месеци;
- Достава на сите студии направени за потребите на новиот ГУП на град Скопје;
- Целосна документација на ГУП на град Скопје 2012-2022 и студиите направени за негова изработка;
- Целосна документација на претходниот ГУП на Град Скопје 2000- 2020 и студиите направени за негова изработка;

- Целосна документација на ГУП или урбанистичкиот план на Град Скопје на сила пред ГУП од 2000 година;
- Врз основа на кој договор се набавени надзорните камери што во текот на 2024 година од страна на Министерството за внатрешни работи се поставуваат низ сообраќајниците во Скопје;
- Одлуката од надлежен орган врз основа на која се врши набавката на надзорните камери?
- Која е целта на поставување на надзорните камери?
- Од буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје за млади се издвојуваат средства во висина од најмалку 0,1% на годишно ниво. Согласно овој правен акт, дали вашата општина предвидува финансирање за спроведување на горенаведениот закон во 2024 година? Доколку да, наведете го точниот износ. Воедно, наведете ги досегашните активности коишто општината ги донела согласно нејзините надлежности од истиот закон.

### 4.4.1. Иматели на информации кои не постапиле по решенија на Агенцијата

Неизбежно е да се споменат и имателите на информации кои законската должност до Агенцијата да достават известување за постапување по добиените решенија од страна на Агенцијата, со тоа што им се наложува почитување на ЗСПИЈК и постапување по предметно барање, или им се враќа предмет на повторно постапување, или се задолжуваат да му ја дадат бараната информација на барателот. Иако за вакното постапување законски е предвиден рок од 15 дена од добивањето на решението, одредени иматели на информации ги игнорираат ваквите одлуки на Агенцијата. Така, на пример, во текот на 2024 година од 213 решенија со кое жалбата се уважува, не е постапено по дури 43 решенија кои ги донела Агенцијата.

Првостепени јавни органи кои не постапиле по решенијата на Агенцијата се: Град Скопје не постапи по 6 решенија на Агенцијата, по 2 решенија на Агенцијата не постапија следните: Општина Карпош, Општина Центар, Општина Охрид, Општина Неготино и Министерството за култура.

Додека по едно (1) решение на Агенцијата не постапиле следните иматели на информации: Агенција за пошти, Канцеларијата на Претседателот на Владата на РСМ, Адвокатската комора на Република Северна Македонија, ЈП Водовод Куманово, Државен инспекторат за животна средина, Државен пазарен инспекторат, ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, ЈКП Водна Кула Зрновци, ЈП за државни патишта, ЈУ Национален парк Галичица,

Министерството за информатичко општество и администрација, Министерството за надворешни работи, Министерство за транспорт и врски, Основното јавно обвинителство Кочани, ООУ „Маршал Тито“ Струмица, Основен суд Прилеп, Судски совет на Република Северна Македонија, Факултет за ветеринарна медицина, Општина Долнени, Општина Велес, Општина Тетово, Општина Кавадарци, ВМРО-ДПМНЕ, ЈПКД Комуналец Струмица, Основен граѓански суд, Јавното сообраќајно претпријатие “Скопје“ и Стоматолошка комора на Македонија.

Не помалку за одбележување е и негативната „праксата“ на одредени иматели на информации кои, наместо да постапат по решенијата на Агенцијата, носат свои одлуки спротивни на одлуките на Агенцијата, или пак поднесуваат тужби против решенијата на Агенцијата. Меѓу кои се Град Скопје, Агенција за пошти и Министерството за финансии. Против дел од службените лица кај имателите на информации, Агенција поведе прекршочна постапка, против дел бидејќи беа поведени управни спорови не се поведе прекршочна постапка. Прекршочна постапка не беше поведена ни против службените лица кои самоиницијативно до Агенцијата доставија доказ дека превзеле се што било потребно во рамки на нивниот делокруг на работа, но од страна на организационите единици кои фактички ја создале или располагаат со бараната информација, не ја доставиле до нив за истата да биде објавена односно посредувана/доставена до барателот на информации.

### 4.4.2. Состојба на предмети по тужби

Во текот на 2024 година оспорени се вкупно 15 решенија на Агенцијата. Седум (7) управни спорови се покренати од страна на иматели на информации и тоа: четири (4) од Град Скопје и по еден (1) од страна на Агенција за пошти, Министерство за финансии и од Општина Струга. Останатите осум (8) тужби се поднесени од страна на барателите на информации кои останале незадоволни од донесените одлуки на Агенцијата и тоа седум (7) од физички лица и една (1) од правно лице.

Управниот суд постапувајќи по тужбите поднесени пред овој Суд, против решенијата на Агенцијата донесени во 2024 година постапил по дванаесет (12) предмети и донел одлуки со кои седум (7) тужби на тужителите/иматели на информации се отфрлени како недозволени, една (1) тужба на тужител/барател на информации е отфрлена како неуредна и како неосновани, одбиени се четири (4) тужбени барања на баратели на информации/тужители, а решенијата на Агенцијата се потврдени. По останатите три (3) тужби на

баратели на информации постапката пред Управниот суд е во тек. Жалби против донесените 12 одлуки на Управниот суд до Вишиот Управен суд доставиле четири (4) жалители/ иматели на информации и двајца (2) жалители/ баратели на информации.

Управниот суд постапувал по 20 поднесени тужби против решенија на Агенцијата донесени во претходните години и тоа единаесет (11) од тужители/иматели на информации и девет (9) од тужители/баратели на информаци од кои седум (7) се физички лица и две (2) правни лица.

Со четиринаесет (14) од донесените пресуди Управниот суд ги одбил како неосновани тужбените барања за поништување на решение на Агенцијата, потврдувајќи ги одлуките на Агенцијата како правилни, со правилно утврдена фактичка состојба и донесени врз основа на закон. Со четири (4) од донесените одлуки тужбите се отфрлаат. Управниот суд уважил само две (2) тужби, со тоа што предметите ги врати на повторно разгледување и постапување од страна на Агенцијата.

По поднесените жалби против одлуките на Управниот суд, во врска со остварувањето на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во 2024 година постапувал и Вишиот управен суд, до кој се поднесени вкупно единаесет (11) жалби од тужителите кои останале незадоволни од постапувањето на Управниот суд и тоа: седум (7) од иматели и четири (4) од баратели на информации, од кои три (3) од физички лица и една (1) од правно лице. По седум (7) предмети постапката пред Вушиот управен суд е сеуште во тек, со три (3) одлуки на Вишиот Управен суд жалбите се уважуваат и предметот се враќа на повторно постапување пред Управниот суд, кој пак постапувајќи по два (2) од тие предмети донел одлуки со кои тужбите на тужителите ги одбива односно отфрла, а по третиот предмет постапката е во тек. По една жалба на барателот на информации во однос на трошоците Вишиот управен суд донел одлука со која ги уважува жалбените наводи на жалителот во делот за трошоците во постапката.

Како и минатите години така и во оваа извештајна година меѓу поведените управни спорови се најдоа и тужби поднесени од страна на иматели на информации и тоа седум (7) од вкупно петнаесет (15) управни спорови. Агенцијата и натаму на судот му укажуваше дека имателите, согласно ЗОУП и ЗУС немаат активна легитимација односно не можат да пројавуваат заштита на свој правен интерес пред Управниот суд бидејќи, како провостепен орган се ставени во улога на одлучувачи по права, интереси и обврските на барателите на информации, а занемарувајќи го притоа јавниот интерес и карактер на поднесените барања за пристап до информации. За одбележување е дека

Управниот суд овие тужби, кои имаат единствено за цел да го ограничат и одложат пристапот до бараните информации од јавен карактер, ги отфрла како недозволени. Тоа значи дека вродија со плод апелите на Агенцијата да се прекине праксата на постапување по тужби поднесени од страна на јавните органи, како првостепени органи во постапката по барање за пристап до информации од јавен карактер и да се носат конзистентни одлуки со кои се отфрлаат како недозволени тужбите поднесени од тужителите/иматели на информации, штитејќи ја притоа улогата на Агенцијата како второстепен орган во постапувањето во сферата на слободниот пристап до информации од јавен карактер, а со тоа и градење на транспарентноста на институциите, како еден од најважните услови за остварување на желбите за градење европска иднина на овие простори.

### 4.4.3. Спроведување и искуства од примената на Законот

Слободниот пристап до информации од јавен карактер во Република Северна Македонија е озаконет и се практикува веќе осумнаест години.

Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер кој е актуелен во моментот датира од мај 2019 година („Службен весник на Република Македонија) бр.101/19). Но, сепак и покрај долгогодишната примена на правото на пристап до информации и на самиот закон не се забележуваат значајни промени во менталитетот на барателите на информации, а уште помалку пак на страната на имателите на информации. Имено, барателите и натаму најголемиот број од своите барања ги доставуваат до државните институции како иматели на информации, а имателите на информации, од друга страна, не го намалија користењето на т.н. молчење на управата. По бројот на поднесени жалби, од јавните органи на централно ниво, во 2024 година предничат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука и Министерството за внатрешни работи. На локално ниво, пак, најмногу жалби се поднесувани против Град Скопје, Општина Центар, Општина Неготино и Општина Чаир. Бројките покажаа нагорен тренд и во интересот за информациите кои ги создаваат и располагаат јавните претпријатија, образовни инсититуции, јавните обвинителства, Судскиот совет, апелационите и основните судови.

Од друга страна пак бројот на донесени решенија на Агенцијата, со кои се запираат постапките по 79 од вкупно 354-те поднесени жалби (или 22.31%), наведува на размислување дека пристапот на имателите на информации кон

барањата за пристап до информации се менува. Таа привидност, всушност се должи на упорноста, ажурноста и интегритетот на службените лица во Агенцијата кои постапуваат по предметите, односно на нивното активно посредување меѓу имателите и барателите, со цел за што побрзо и поефикасно овозможување пристап до информациите од јавен карактер.

И понатаму како дополнителна отежнувачка околност во овозможувањето на пристап до информациите од јавен карактер е и големиот број на промени на службени лица кои посредуваат со информациите кај имателите на информации. Поради тоа Агенцијата во својот едукативен дел стави акцент на обучување на сите новоназначени службени лица, како и на оние од институциите кои во минатогодишниот период дале најмалку резултати на полето на слободниот пристап.

И во текот на 2024 година како и претходната година, бројот на поднесени жалби од страна на физички лица е поголем од бројот на жалби поднесени од страна на здруженија на граѓани и правни лица. Меѓутоа, вкупната бројка од 194 жалби од физички лица не треба да залажува, или да наведува на мислење дека свеста на граѓаните се сменила од причина што голем број од нивните жалби (63) се одбиени или отфрлени, од причина што, или се ненавремени, или се недопуштени, бидејќи од имателите на информации се бараат информации кои не се од јавен, туку од личен/приватен карактер, односно информации кои произлегуваат од законската надлежност на институците, а сè со цел да остварат некои свои лични права во судски или други граѓански или управни постапки, кои се спроведуваат согласно друг материјален закон.

Здруженијата на граѓани и правни лица воглавно бараат информации кои може и треба да им бидат овозможени од страна на имателите на информации проактивно (самите иматели да ги поставаат на своите веб страници), што всушност треба да биде вообичаена пракса.

Во извештајната 2024 година од 354 жалби, триесет и седум (37) жалби се поднесени од новинари од повеќе медиуми од Република Северна Македонија.

Поради наведеното, Агенцијата смета дека останува актуелна потребата од поширока кампања и едукација на граѓаните и тоа почнувајќи од средношколската и студентската младина, бизнис секторот, адвокатурата, па се до останатите граѓани, од причина што преовладува потребата од приближување до граѓаните и објаснување на целта на постоењето на ЗСПИЈК. Но, за жал Агенцијата нема на располагање средства од буџетот за оваа намена и е принудена да изнаоѓа други извори на финансирање за овој вид на активности.

И понатаму сметаме дека повеќе од неопходна е потребата од обучување на раководните лица кај имателите на информации кои, користејќи ја околноста (недостаток во ЗСПИЈК) за нивни несанкционирање поради недавање на бараните информации, едноставно истите им ги прават недостапни дури и на своите службени лица.

Поради тоа, водењето на прекршочни постапки против службените лица кај имателите на информации се покажа како непродуктивно во однос на овозможувањето на достапност до информациите од јавен карактер. Како и да е, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер останува на својата првично зацртана визија – да биде препознавана и почитувана од имателите, барателите и целокупната јавност како единствена надлежна државна институција која се грижи за остварување и заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, која придонесува за зголемена отчетност и транспарентност на институциите во нашето општество. Работата на Агенцијата и спроведувањето на ЗСПИЈК е исклучително важна антикорупциска алатка и неговата примена е од исклучителна важност од аспект на борбата против корупцијата и јакнењето на интегритетот на институциите. Агенцијата смета дека единствено ваквиот тренд може да доведе до посакуваните европски интеграции.

### 4.4.4. Прекршочна постапка

Постапувањето согласно прекршочните одредби од Законот за прекршоците и Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Агенцијата успешно продолжи и во 2024 година. Во оваа извештајна година спроведени се вкупно 56 постапки за порамнување. По поднесено барање за поведување на прекршочна постапка Прекршочната комисија постапи по вкупно 30 предмети. Од оформените 51 предмети за недоставување на Годишен извештај во законскиот рок, за еден предмет успешно се спроведе постапка на порамнување, каде службеното лице за посредување со информации од јавен карактер прифати да се порамни и изврши уплата. По спроведена постапка за порамнување за 20 предмети не беше даден предлог за поведување на прекршочна постапка, за кои овластеното службено лице изготви Службена белешка. За останатите 30 предмети беше покрената прекршочна постапка, од кои за 1 (еден) предмет беше донесено решение за ослободување од одговорност, за 8 (осум) предмети беше донесено решение за запирање на постапката, а за останатите 21 предмет донесени се решенија со кои беше изречена прекршочна санкција, од кои за 17 предмети беше изречена опомена, а за 4 (четири) предмети

беше изречена глоба. Прекршочната комисија донесе 1 (едно) решение за изречена глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност поради не назначување на службено лице за посредување со информации од јавен карактер. Во текот на 2024 година беа поведени и 4 (четири) постапки по барање на Баратели на информации, за непостапување по решенија на Агенцијата. Во постапката на порамнување, овластеното службено лице во Агенцијата утврди, видно од доставените докази, дека посочените службени лица постапиле согласно своите законски надлежности и во овие четири предмети не беше доставено Барање за поведување прекршочна постапка пред Прекршочната комисија. Во текот на 2024 година против донесени решенија од прекшочната комисија со кои беше изречена прекршочна санкција, нема поднесено ниту една тужба пред Управен суд.

### 4.4.5. Листа на имадели на информации

Во Листата на иматели на информации оваа извештајна година вкупниот број на евидентирани субјекти изнесува 1.465 иматели. Во извештајниот период се изврши ревидирање на листата, со што некои од имателите беа поместени во соодветните линкови каде што е нивната надлежност. Оваа извештајна година, евидентирани се 8 нови иматели, и тоа кај јавните претпријатија и установи, правните и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес, како и кај политичките партии.

Во извештајната 2024 година, Листата со органи на државната управа изнесува 133 иматели, додека во линкот со јавни претпријатија и установи се евидентирани 311 иматели. Линкот со Здравствени установи во Република Северна Македонија содржи 115 иматели, додека бројот на иматели кај политички партии евидентирани во единствениот судски регистар на политички партии е 61, со напомена дека за 8 политички субјекти Агенцијата, и покрај многубројните обиди не успеа и оваа извештајна година да обезбеди податоци за нивните службени лица, иако дописите беа доставени на пријавените адресни податоци во единствениот судски регистар. Бројот на имателите од Судската власт е 65 иматели. Линкот со Правни и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес брои 73 иматели, додека бројот на иматели кај Општини и Центри за развој на плански региони е 90. Бројот на Образовни институции, оваа извештајна година изнесува 617 иматели. Агенцијата во секој извештај, но и во своето секојдневно работење потенцира и појаснува дека Листата на иматели е менлива и бројот на институции објавени во неа зависи од нови субјекти кои ќе бидат детектирани дека со својата надлежност вршат дејност од јавен интерес и обратно, а дел од

имателите ќе бидат отстранети доколку се утврди дека не ги исполнуваат законските надлежности.




Графикон 4: Листа на иматели на информации од јавен карактер

### 4.4.6. Годишни извештаи на имателите

Во извештајната 2024 година, во предвидениот законски рок 1,414 иматела или 96.52% доставија годишни извештаи и ја исполнија својата законска обврска, од вкупно 1465 иматели кои се евидентирани во Листата на иматели. Агенцијата, укажува дека 8 политички партии не доставија извештаи за имплементирањето на Законот, од причини што за истите и покрај многубројните обиди не обезбеди контакт податоци до кои би го доставила Потсетникот за доставување на годишни извештаи, како што беше сторено со сите останати иматели од Листата.

Службените лица, односно имателите од вкупно 51 институција, и покрај двете потсетувања за да достават пополнет Образец за годишен извештај, кој беше дистрибуиран до нив, како и дополнителни телефонски јавувања и доставени е-маил пораки на нивните официјални електронски пошти, истите

не ја исполнија законската обврска која што произлегува од членот 36 од Законот. Агенцијата од тие причини не може да утврди дали до овие иматели биле поднесени барања од страна на барателите. Оваа извештајна година, бројот на недоставени годишни извештаи е 3.48% и можеме да констатираме дека од година во година бројот на недоставени извештаи се намалува, што е евидентно од резултатите кои ги имаат прекршочните одредби спроведени против службените лица кои игнорантски се однесуваат кон имплементација на Законот.



Графикон 5: Број на Годишни извештаи

Оваа извештајна година, имателите кај сите 65 евидентирани иматели од судската власт поднесоа годишен извештај, а исто така и 90-те иматели од единиците на локалната самоуправа, вклучително градот Скопје, Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) и Центрите за развој на

планските региони, ја исполнија законската обврска да доставаат извештај за својата имплементација на слободниот пристап до информации од јавен каратер. Оваа група на иматели на информации се единствените чии службени лица целосно ја испочитуваа законската обврска пропишана во Законот за СПИЈК.

Од вкупно 133 иматели на органите на државната управа, само 2 иматели не поднесоа извештај во законскиот рок. И оваа година подобрување во почитување на законската обврска за доставување на годишен извештај покажаа службените лица кај образовните институции од сите степени на образовниот систем и од 617 иматели извештај доставија 593 имател, додека 24 службени лица не доставија извештај до Агенцијата.

Кај имателите од здравствените институции, само 3 иматели не поднесоа извештај за имплементација на пристапот до информации од јавен карактер во однос на својата работа. Од евидентираните 115 здравствени установи, законската обврска да доставаат извештаи до Агенцијата, ја исполнија 112 иматели.

Како јавните претпријатија и јавните установи го имплементираат правото на слободен пристап покажаа 308 иматели, додека 3 од 311-те иматели не доставија годишен извештај.

Од страна на 73-те иматела кај правните и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес, годишен извештај до Агенцијата доставија 69 иматели, додека 4 иматели не го испочитуваа Законот.

Од регистрираните 61 политичка партија, извештај доставија 46, додека службените лица кај 15 партии не поднесоа годишен извештај. И покрај покренатите прекршочни постапки против 8-те политички партии, истите не доставуваат отчет до Агенцијата, согласно членот 36 од Законот.

Извештаите на три иматели од образовни институции, здравствени установи и политички партии се нецелосни и како такви не беа земени во предвид при изготвувањето на Годишниот извештај на Агенцијата. Во извештаите на имателите од посочените групи, се содржани податоци кои се однесуваат на нивното тековно работење, но не и за барања поднесени согласно Законот за СПИЈК, како и недоследности од правно-формален карактер, кои и покрај многубројните сугестии од страна на Агенцијата да бидат отстранети, истите иматели до истекот на законскиот рок овие недоследности не ги отстранија од своите доставени извештаи.

Службените лица во наредниот период ќе бидат поканети на обуките кои Агенцијата ги организира за да бидат запознаени кои информации се потребни да ги наведат во иднина во своите извештаи и што истиот треба да содржи за да биде согласно имплементацијата на законот.

Од примените и обработени извештаи (вкупно 1.414), кои до Агенцијата се доставени од имателите, истите покажуваат дека до нив, како иматели, се поднесени вкупно 6.593 барања, од кои на 6.244 во законскиот рок е позитивно одговорено. Оваа извештајна година имателите покажуваат дека до нив се поднесени 375 барања помалку од минатата година. Намалениот број на поднесени барања до имателите секако е резултат од активностите кои Агенцијата ги презема за промоција за што поголема примена на проактивната транспарентност на институциите, преку објавување на информациите од нивната надлежност, на нивните веб страници. Проактивното објавување на информации придонесува кон зголемување на транспарентноста, затоа што го подобрува пристапот до информации од јавен карактер, но и нивниот квалитет, а на ваков начин се подобруваат условите и можностите за јавно учество и влијание врз процесите на креирање на политики и носење на јавни одлуки. Сето ова, придонесува и за подобрување на јавната отчетност, бидејќи ги подобрува правилата, прописите и механизмите за јавна одговорност на одговорните лица во институциите.

Во овој годишен извештај, за разлика од минатата година до Агенцијата се доставени од страна на имателите и службените лица три годишни извештаи кои не се во согласност со законските обврски кои произлегуваат од Законот, односно истите се нецелосни и неправилно пополнети.

Во извештаите кои службените лица ги доставија до Агенцијата, прикажуваат и податоци кои се однесуваат на исклучоците од слободниот пристап пропишани во членот 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, или пак со други законски прописи, а кои биле причина за одбивање или отфрлање на пристапот и тоа за 218 барања, што е за 16 барања помалку од извештајната 2023 година. Во своите извештаи, имателите известуваат и за 120 неодговорени, но и за 11 барања кои се пренесени за постапување во 2025 година, а кои се примени на истекот на календарската 2024 година.



Графикон 6: Постапки по барања

Службените лица во доставените извештаи до Агенцијата, прикажуваат и податоци, според кои, барателите во знак на незадоволство од постапувањето на службените лица, вложиле 199 жалби против првостепени одлуки на имателите, што е за 67 поднесени жалби помалку од извештајната 2023 година, а од кои по разгледувањето со одлука на Агенцијата биле усвоени 139 жалби. Наведеното не кореспондира со бројот од 354 жалби за кои известува Агенцијата, што доведува до заклучок дека службените лица кај имателите на информации во доставените годишни извештаи не ги прикажуваат жалбите.

Годишните извештаи содржат и податоци за 69 преиначени првостепени одлуки, за 38 одбиени жалби од страна на Агенцијата, но и за 16 отфрлени жалби.

Кај барателите, повторно најголем интерес има за работата на Единиците на локална самоуправа и планските региони, каде службените лица известуваат дека до нив биле поднесени 2.266 барања, што е за 214 барања помалку од минатата извештајна година.

Зголемен број на поднесени барања има и кај органите на државната управа до кои биле доставени 2.115 барања, што во однос на извештајната 2023 година е намалување за 200 барања. И оваа извештајна година најмногу барања има добиено Министерството за внатрешни работи до кое биле поднесени 199 барања, што е за 136 барања помалку од 2023 година. Од страна на барателите се доставени 106 барања до Министерство за правда, а по нив следат Државниот просветен инспекторат со 87 барања, Министерството за финансии со 84

поднесени барања, Министерството за образование и наука со 76 барања, Државниот управен инспекторат со 68 барања и Владата на Република Северна Македонија-Генерален секретаријат со 63 барања. До Правосудните органи биле доставени 899 барања што е зголемување за 126 барања од минатата година.

Зголемен интерес има и за работата на јавните претпријатија и установи, каде биле доставени 614 барања или 108 барање повеќе од 2023 година.

Благо зголемување на поднесени барања, покажуваат и службените лица кај правните и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес и до нив биле доставени 156 барања или 24 повеќе од минатата година.

Три извештајни години, барателите намален интерес покажуваат за функционирањето на политичките партии, со поднесени 20 барања, односно 36 помалку од минатата година.

Евидентно намалување на поднесени барања, според доставените податоци од годишните извештаи, има кај образовните институции од сите степени и тоа за 120 барања. Оваа година, 315 баратели поднеле до оваа група на иматели барања за слободен пристап до информации. Исто така, намален интерес за нивната работа покажуваат и здравствените институции и тоа за 63 барања, односно до нив биле поднесени 208 барања.




Графикон 7: Број на поднесени барања до иматели

До Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер како имател на информации беа доставени 6 барања, на кои беше позитивно одговорено во законскиот рок.

### 4.4.7. Содржина на Годишни извештаи

Во своите годишни извештаи имателите, односно службените лица, како и секоја извештајна година, известуваат за барањата кои биле доставени до институциите. Најголем број на барања (4.381), барателите доставиле до единиците на локалната самоуправа и органите на државната управа. Работењето и функционирањето на овие иматели во континуитет се најинтересни за граѓаните, односно барателите на информации и најчесто поднесувале барања за следното: Во колку и кои општини се донесени интегрирани дозволи, колку урбанистички планови се донесени, листи на бесправно легализирани објекти, доделени дозволи за градби, дали општините имаат назначено лица за интегритет, финасиски извештаи за капитални активности, завршни сметки за буџетите на општините, за постапките со јавните набавки. Потоа, број на лиценцирани инспектори од повеќе области, за постапки околу водоводните мрежи во одредени локални самоуправи, кои адвокатски друштва ги користеле услугите и ги застапувале единиците на локалната самоуправа и средствата кои истите ги добиле.

Извештаи на инспекторите за животна средина во однос на воздухот и неговата чистота, концесии за користење на вода  за производство на електрична енергија од хидроелектрични централи, трошоците на функционерите за секое службено патување, категоризирани според: авионски билети, трансфер до и од аеродром, хотелот, додатоци, храна и репрезентација, телефонски трошоци и други патни трошоци. Склучени договори за простори од значење за културата, како и капитални инвестиции од државен интерес. Исто така, предмет на барања биле податоците за ангажирани експерти во работни групи во врска со донесување на одредени закони, средствата потрошени од страна на домашни делегации во странство, договори за капитални инвестиции и финасирањето на маргинализирани групи и поделената социјална помош.

Во извештаите, имателите прикажуваат дека од интерес биле и работата на управните и надзорните одбори во јавните претпријатија, информација за моменталната цена/тарифа што ја наплаќаат за водоснабдување (вода за пиење), одделно за домаќинства и за останати потрошувачи, како и кај правните и физичките лица кои вршат дејност од јавен интерес, односно

деталните финансиски извештаи за финансиското работење, односно за приходите и расходите, како и за обртот на финансиските средства во период 01.01.2019-31.03.2024 година, како и Извештаи за состојбата на (не)плаќање на коморската членарина.

Барателите од судската власт барале информации кои се однесуваат на работата на АКМИС системот, колку правосилни пресуди се донесени, податоци за бројот на вработени во обвинителствата и основните судови по категорија односно звања, како и податоци од својата дејност, а со кои располагаат судовите.

Барањата до политичките партии се однесувале на нивното финасиско работење, средствата добиени од донации и со колкав имот располагаат.

### 4.4.8. Соработка со службени лица кај имателите

И во извештајната 2024 година Агенцијата интензивно соработуваше со службените лица, како еден од основните предуслови за поуспешно имплементирање на Законот за СПИЈК. Вработените постојано беа достапни за службените лица помагајќи им поуспешно да одговорат на нивните делегирани надлежности. Контактите беа искористени за појаснување на законските обврски кои се однесуваат на обврските на службените лица, за начинот на кој се овластува новото службено лице, но и за правилното пополнување и заверување на образецот за годишен извештај со потпис на службените лица, односно со делегирањето на надлежностите кои како службени лица ја имаат како новоназначена законска обврска. Оваа континуирана комуникација ги олесни дилемите и пропустите кои се јавуваат кај новоназначените службени лица за што подобра имплементација на законот, а се јавуваат од недоволната упатеност на службените лица во за нив новата проблематика.

Добрата имплементација на Законот за СПИЈК и неговата примена во пракса е резултат на успешната взаемна соработка на Агенцијата и службените лица кај имателите на информации.

И оваа извештајна година, Агенцијата како позитивен пример на институции кои самоиницијативно доставија барања, но и Годишен извештај, за да бидат дел од Листата на иматели, ги истакнува: ЈП за заловување и третман на бездомни кучиња СТАЦИОНАР-ЛАНА-Струмица, Јавно комунално претпријатие „Шари“-Тетово, ЈКП „Мирмбајтја„-Желино, Приватна установа студентски дом „Хилјадников„-Штип, Приватен студентски дом ЛОГОС-Штип, Друштво за снабдување со пареа и топла вода ЕНЕРЏИ ЕКОЛИНК АД-Скопје и

политичката партија Централна Демократска Унија-Скопје. Овие иматели преку својата проактивна активност, односно самоиницијативното барање за поместување во листата на иматели, покажуваат дека нивното транспарентно и отчетно работење е пред се за „информирани граѓани, задоволни граѓани“.

Агенцијата како и секоја извештајна година, иако нема законска обврска, изготви Потсетник за доставување на Годишниот извештај, кој заедно со пропишаниот Образец пред истекот на календарската година, по електронски пат го достави до имателите и назначените службени лица. Службените телефонски линии до рокот предвиден за доставување на годишните извештаи, функционираа се со цел службените лица кај имателите да се консултираат за нејаснотиите кои им се јавуваат при пополнувањето на Образецот за извештај, но и за прашања кои се дел за успешно имплементирање на Законот.

До Агенцијата, во 2024 година беа доставени 154 Решенија за назначување на нови службени лица од страна имателите и за истите, како и за останатите службени лица, беа одржани обуки на кои беа запознаени со Законот и неговата практична имплементација.

### 4.4.9. Мониторинзи на веб страните на имателите и едукативни материјали

Информациите од јавен карактер им се достапни на граѓаните на два начина - со проактивност на самите институции и со реактивни средства – односно со поднесување на барање за информации до одредени иматели. Проактивната транспарентност подразбира навремено објавување на информациите од јавен карактер од страна на институциите и кои тоа го прават по сопствена иницијатива, пред од нив да бидат побарани по усмен, писмен или електронски пат, преку јасни, транспарентни и лесно достапни веб-страници кои ги содржат сите информации од значење за граѓаните. Ваквото проактивно објавување информации придонесува за зајакнување на правото и ѝ овозможува на јавноста да се запознае со прописите, одлуките, креирањето на политики и други дејствија што се од нивен интерес и истите ги засегаат.

Агенцијата, во извештајната 2024 година, спроведе три мониторинзи на веб страните на имателите на информации. Мониторирани беа веб страните на Органите на државната управа, согласно Акцискиот план (2023-2026) за спроведување на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2023-2030 година. Во посебната цел предвидена е Мерката 3.4.1. Унапредување на алатките за достапност на информациите од јавен карактер. Мерливоста на оваа мерка е предвидена со Показателот: „Процент на државни институции кои

на своите веб страници редовно ги објавуваат и ажурираат документите согласно ЗСПИЈК". Мониторинг беше спроведен и на страниците на Општините и Центрите за развој на планските региони, како и на основните, апелационите судови, Управниот суд, Вишиот управен суд, Врховниот суд и Судскиот совет.

Агенцијата, согласно своите надлежности, но и како додадена вредност на слободниот пристап до информации од јавен карактер во однос на проактивното објавување на информациите, согласно член 10 од Законот, спроведе мониторинзи на гореспоменатите иматели, се со цел да се констатира нивото на проактивната транспарентност на оваа група на иматели на информации, а во извештаите се презентираа наодите со кои се испитуваше степенот на објавените информации кои се релевантни за граѓаните, за годишните извештаи за нивната работа, дали на барателите на информации им се даваат точни, прецизни и целосни податоци, дали кај имателите има определено службено лице за посредување со информациите од јавен карактер, како и бројни други прашања врз основа на кои се оценува примената на стандардите за проактивна транспарентност. Мониторинзите имаат за цел да им презентираат на имателите до кој степен ја имплементираат проактивната транспарентност во својата работа, но и им укажуваат на имателите дека преку поставување на унифициран банер во кој ќе ги објавуваат информациите од јавен карактер, а воедно и ќе ги ажурираат истите, ќе бидат по достапни до граѓаните. На тој начин барателите на информации на брз и едноставен начин ќе можат да пристапат до бараните информации кои се од нивен интерес.

Добиените резултати и помагаат на Агенцијата во конципирањето на обуките за службените лица, а се со цел да им се покаже на имателите дека со имплементирањето на активната транспарентност и доследна примена на членот 10 од Законот, им помагаат на граѓаните подобро да го разберат функционирањето на институциите, нивните права и обврски, начинот на кој што можат да влијаат врз донесувањето на одлуките што се рефлектираат врз нивното секојдневно живеење и работење, како и полесно да им пристапат на услугите што со својата надлежност им ги нудат мониторираните институции како иматели на информации од јавен карактер.

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер постапувајќи по Извадокот од Нацрт-Записникот од Сто дваесет и првата седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 24 јануари 2023 година, изготви Информација која ја достави до Кабинетот на заменик на претседателот на Владата, задолжен за политики на добро владеење, за имплементирање на Информацијата за подобрување на транспарентноста и отчетноста на институците од јавниот сектор преку

објавување на задолжителните информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер на веб локациите на институциите, како и објавување на најчесто побарувани информации систематизирани по области.

Агенцијата постапувајќи по препораката од Заклучокот, преку спроведени мониторинзи на 4 категории иматели, односно на 224 институции, согласно Методологијата за спроведување на мониторинг за проактивно објавување на информации од јавен карактер, достави Прашалници кои се адаптирани според надлежностите на мониторираните иматели. Целта на прашалниците е преку самоевалуација на имателите да се согледа до кој степен имателите ја практикуваат проактивната транспарентност и законските обврски согласно членот 10 од Законот за СПИЈК, а за потребите на Информацијата, дали имателите ги исполнуваат и заклучоците од Нацрт-Записникот на Владата на РСМ.

Најголема транспарентна самоевалуација од страна на институциите има кај Владата на РСМ, министерствата и органите во состав со 73%, додека најниска самоевалуација има кај судската власт со само 20%. Просечната самоевалуција на сите категории иматели е 44,3%, и е во рамките на средна транспарентност.

Имателите најмногу внимание посветиле информациите од јавен карактер да бидат систематизирани по области односно 60,85% од нив го сториле тоа, потоа достапноста на линкот/банерот Информации од јавен карактер е застапен со 54.98% на нивните веб страници, додека анонимизираните барања/одговори се најмалку застапени со 32% .имајќи предвид дека барања за информации од јавен карактер не се застапени подеднакво кај сите институции.Вкупната т.е просечната транспарентност во однос на прашањата/одговорите е на средно ниво со 50%.

Сумирајќи ги резултатите добиени од овие иматели се добива слика за транспарентноста на институциите во РСМ која е 50,2 % и може да се заклучи дека таа е на средно ниво т.е просечна и дека имателите треба да бидат повеќе фокусирани на подобрување на својата транспарентност, и на тој начин да граѓаните да бидат навремено и јасно информирани за сите информации од значење за јавноста.

Нивото на транспарентност и отчетност во работењето на Владата на РСМ, министерствата и органите во состав имаат зголемен тренд на проактивно објавување на информациите од јавен карактер и нивната транспарентност е оценета како многу добра. Од мониторираните институции најголем дел се со

многу добра транспарентност и Агенцијата на имателите им препорачува и во иднина доследно да ги почитуваат стандардите за транспарентност и отчетност, од причини што само на тој начин институциите и нивната работа ќе бидат повеќе достапни до крајните корисници, барателите на информации од јавен карактер, односно граѓаните.

Исто така, беа изготвени за имателите на информации подготви и сет едукативни материјали/прирачници кои се однесуваат на Пристапот до информации како основа за заштита на животната средина, Пристапот до информации – сегашност и иднина, (предизвици и најдобри практики за негова успешна имплементација), Поврзаноста на пристапот до информации од јавен карактер со отворените податоци и вештачката интелигенција.

Во соработка со Меѓународниот републикански институт беа изготвени и Водич за активна транспарентност на политичките партии во Република Северна Македонија и Транспарентноста на политичките партии во Германија и Естонија.

Беше изготвен извештај за реализираните активности ЈАНУАРИ-ЈУНИ 2024 на Агенцијата, како и анализа за молк на управата 2024 година.

Агенцијата, со авторски текст се претстави во специјалното издание на билтенот на Меѓународната конференција на комесари за информации (ICIC), со кој се обидува да се нагласи важноста за поттикнување на глобален дијалог за пристап до информации.

Сите потребни едукативните материјали кои се наменети како за службените лица, така и за граѓаните, се достапни на веб страната на Агенцијата, а со истите службените лица се запознаваат на обуките, се со цел нивна имплементација во пракса.

### 4.4.10. Обуки и едукација

И во текот на извештајната 2024 година, Агенцијата особен акцент стави на едукативниот дел, спроведувајќи поголем број активности на полето на обучување на службените лица за посредување со информации на првостепените органи.

Поради буџетски непоткрепена можност за едукација на сите службените лица од 1.465-те иматели на информации, Агенцијата преку 9 работилници ги опфати новоназначените службени лица за посредување со информации кај имателите на информации, оние кои почувствувале потреба

од дополнително посетување на обука, како и службените лица од институции за кои Агенцијата забележала дека во претходниот период не биле доволно успешни во постапувањето со барањата за пристап до информации од јавен карактер. И покрај тоа што обуките се бесплатни, кој факт се нагласува во поканите, поразителен е малиот одзив на службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателите на информации за присуство на обуките на Агенцијата, па така од поканети 412 службени лица од 375 институции, на обуките присуствувале 138 претставници од 129 институции.

Првенствена цел на обуките беше оспособување на службените лица за правилно и навремено постапување по барањата за пристап до информации. Притоа, посебен акцент беше ставен на должноста на имателите на информации за нивно проактивно дејствување, со цел за целосно објавување на информациите од јавен карактер со кои тие располагаат.

Како специфична цел на обуките беше практичното обучување за донесување правилни и врз закон засновани правни акти, запознавање со целите и активностите на Агенцијата како втростепен орган во постапката, како и искуствените симулации на спроведување на тестот на штетност во случаи на одбивање на пристап до бараните информации согласно член 6 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Исто така на обуките се презентираше начинот на користење на порталите за иматели и баратели на информации кои се поставени на Веб страната на Агенцијата и придобивките од истите.

Агенцијата може многу повеќе да  постигне на полето на едукација и воопшто во остварувањето на своите надлежности доколку и се  обезбедуваат дополнителни средства од буџетот за повеќе од потребната нужност за остварување на основната цел на овој антикоруптивен  Закон – стопроцентна отвореност и транспарентност во работењето на институциите.

Во таа насока Агенцијата потсетува и апелира до сите службени лица за посредување со информации, посебно до одговорните лица кај имателите на информации, безрезервно да одговараат на поканите од Агенцијата, како и самите да се пријавуваат за помасовно учество на бесплатните обуки, поради правилна имплементација на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и воедно остварување на правото на граѓаните за целосно информирање за работењето на јавните органи и останатите иматели на информации, на централно и на локално ниво.

### 4.4.11. Веб локација на Агенцијата

Веб локацијата на Агенцијата и оваа извештајна година продолжи да ја промовира проактивноста во работењето на Агенцијата. Е-порталите стануваат се попрепознатливи од страна на корисниците, и во 2024 година беа користени од имателите и барателите кои го користат и имплементираат слободниот пристап до информации од јавен карактер.

Граѓаните и граѓанските организации, како баратели на информации од јавен карактер, го препознаа Порталот за баратели - http://slobodenpristap.mk како алатка преку која на брз начин можат да ја добијат бараната информација која ја поседуваат имателите на информации. Преку Порталот веќе има над 230 он-лајн барања од физички лица. Сите креирани барања се јавно достапни на порталот и барателите можат да се запознаат со барањата кои биле поднесени до имателите на информации.

Агенцијата, Порталот за иматели, го користеше за комуникација со имателите, а на обуките за службени лица се организираа посебни сесии на кои им беше појаснувано како истиот да го користат. На обуките се презентира целиот процес на генерирање на годишен извештај. Ова е видливо и преку порталот каде во законски предвидениот рок за доставување на Годишни извештаи за 2024 година има зголемување од 21% во однос на претходната година. Агенцијата и понатаму во насока на дигитализација на процесите во своето работење ќе дава поттик барателите и имателите да ги користат Порталите за да го креираат своето барање со цел да ја добијат потребната информација од јавен карактер, но и на брз и ефикасен начин да ги исполнат своите законски обврски поврзани со имплементација на Законот.

Порталот за иматели - https://portal.aspi.mk/login, односно неговата база на податоци се користеше и при поддршката што ја дава Агенцијата за подобрување на работењето на државните институции, вклучително и вработените. Агенцијата беше активно вклучена во организацијата / доставата на поканите на обуките за обучувачи/ки за собирање на податоци за мерење на дискриминација под покровителство на Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и ХОПС – Опција за здрав живот Скопје, а финансиски поддржана од Европската Унија во рамки на програмата за грантови „Поддршка на граѓанското општество“, Европскиот инструмент за демократија и човекови права.

И во извештајната 2024 година, Агенцијата преку својата веб локација ги информираше граѓаните за своите активности, како и за изготвените анализи и извештаи од својот делокруг на работа. Во делот ПУБЛИКАЦИИ беа објавени

извештаите од мониторинзите за проактивното објавување на информации на веб локациите на имателите, како и едукативни материјали потребни за службените лица и истражувачките новинари, се со цел оваа група на баратели што повеќе да ја користат оваа алатка во својата секојдневна работа.

Агенцијата, на својата веб локација ја продолжи праксата на објавување на информациите од своето тековно, но и финасиското работење. Во отворен формат се објавуваат податоци во врска со финансиските извештаи, како и од Годишниот извештај, со што нејзиното проактивно работење има додадена вредност. Исто така, во банерот ДОСТАВЕНИ РЕШЕНИЈА се објавуваат сите Решенија по кои Агенцијата постапува, како и одлуките на Управниот и Вишиот Управен суд во нивното постапување кога како тужена страна се јавува Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Во посебен банер Е-УЧЕЊЕ, поставен е и е-курс кој службените лица можат да го ислушаат и на крајот да го решат тестот, што е дополнување на редовните обуки кои Агенцијата ги спроведува за нив.

### 4.4.12. Јавност во работата

Одделението за односи со јавноста го застапува и промовира правото на слободен пристап до информации од јавен карактер преку стратешки медиумски ангажман и да ја промовира важноста на Агенцијата и нејзината работа во очите на јавноста. Ова вклучува поттикнување на транспарентност, отчетност и отворена комуникација на Агенцијата со јавноста и соработниците, како и зајакната соработка со медиумите и останатите чинители во нашето општество.

Оттука, одделението за односи со јавноста активно се приспособува кон трендовите во електронската индустрија, користејќи ги дигиталните платформи и иновативни комуникациски стратегии и алатки со цел:

- да се подобри вклученоста на јавноста во работата на Агенцијата,
- да се зголеми свеста на граѓаните за нивното право на слободен пристап до информациите од јавен карактер,
- да го приближи начинот на барање и обезбедување информации од јавен карактер до сите заитересирани страни,
- да ги едуцираат граѓаните за значењето и правото на слободниот пристап до информациите од јавен карактер.

### Организација на настани

*Промоција на Водичот за активна транспарентност на политичките партии во Република Северна Македонија.* По повод 28 септември – Меѓународниот ден за универзален пристап до информации, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во соработка со Меѓународен републикански институт (ИРИ), организираше промоција на новиот *Водич за активна транспарентност на политичките партии во Република Северна Македонија*.

Пред присутните претставници од политичките партии, односно службените лица за посредување до информациите од јавен карактер, со свои воведни обраќања се обратија Пламенка Бојчева, директорка на Агенцијата и Илина Мангова, регионална советничка за Европа од Меѓународниот републикански институт (ИРИ), а за Водичот говореше авторот д-р Константин Битраков, асистент на Катедрата по административно право и јавна администрација при Правниот факултет „Јустинијан Први".

Целта на *Водичот за активна транспарентност* е да им помогне на политичките партии како иматели на информации да ја унапредат нивната транспарентност и да ги поттикне да објавуваат што повеќе информации од интерес за граѓаните, а кои даваат целосна слика за нивното делување и цели.

Публикацијата исто така опфаќа и компаративна анализа на позитивните пракси и начинот на којшто политичките партии во Германија и Естонија објавуваат информации за своето работење и финансии.

Настанот беше покриен и со присуство на најреномираните медиумски куќи во Република Северна Македонија, за кои што директорката Бојчева даде изјава и одговор на новинарските прашања.

### Информирање на јавноста

*Медиумски изјави и интервјуа*

*Истражувачка статија на Новинската агенција МЕТА (април 2024):* Во април 2024 година, новинарката Мери Јордановска ја посети Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со цел одблизу да се запознае со начинот на функционирање, работните процеси и заложбите на институцијата за унапредување на транспарентноста.

За време на посетата, новинарката оствари разговор со директорката на Агенцијата, Пламенка Бојчева, во кој се осврнаа на значајните чекори што институцијата ги презема во насока на зголемување на проактивната транспарентност и отчетност на јавните институции. Во текот на разговорот беа разгледани предизвиците, постигнатите резултати и идните планови на Агенцијата, како и механизмите преку кои се поттикнуваат институциите во земјата да обезбедат навремен и квалитетен пристап до информациите од јавен карактер.

Оваа новинарска посета претставуваше можност за подлабинска анализа на клучната улога на Агенцијата како водечка институција во областа на слободниот пристап до информации, како и за истакнување на нејзиниот придонес кон создавање поотворена и подемократска јавна администрација.

*Линк до статијата:*

https://meta.mk/patot-do-slobodniot-pristap-do-informacii-poplochen-so-tuzhbi-netransparentnost-i-molk-na-administracijata/

***Интервју за БИРН (октомври 2024):*** Пет години по усвојувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во 2019 година – правен инструмент што им овозможува на новинарите, граѓанските организации и граѓаните пристап до податоци што ги поседуваат институциите – формирана е работна група за негова ревизија и измена.

Иницијативата за измените ја покрена Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер. Овие предлог-измени доаѓаат во контекст на сè поголеми реакции од страна на новинарите и граѓанските организации, кои укажуваат дека институциите не ги третираат нивните барања со соодветна сериозност и не им ги доставуваат бараните информации.

Со цел јавноста да дознае повеќе за предложените законски измени и нејзиното гледиште за ограничениот пристап до информациите од јавен карактер, новинарот Васко Маглешов разговараше со директорката на Агенцијата, Пламенка Бојчева која даде свое видување за предложените измени и нивното значење за унапредување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

*Линк до интервјуто:* https://prizma.mk/bojcheva-predlagame-kazni-za-rakovoditelite-shto-ne-davaat-informatsii/

*Интервју за РесПублика (декември 2024):* Во разговор со новинарката Соња Крамарска од *Институтот за комуникациски студии*, директорката на Агенцијата, Пламенка Бојчева, говореше за целокупниот однос на институциите кон најважната алатка на демократија – давање податоци за нивната работа кои јавноста има право да ги знае.

Во разговорот, директорката ја нагласи потребата институциите да работат проактивно во објавувањето информации, наместо граѓаните и новинарите да бидат принудени да поднесуваат барања и да се соочуваат со административни пречки. Истовремено, таа ја повика јавната администрација на поголема отвореност и посветеност кон транспарентноста, како и на зајакнување на механизмите за надзор и санкционирање во случаи на неоправдано ускратување на информации.

Разговорот се водеше во контекст на постојаните напори за унапредување на демократските вредности во земјата, при што беше посочено дека континуираната комуникација помеѓу институциите, медиумите и граѓаните е клучен елемент во градењето на доверба и отчетност.

*Линк до интервјуто:* [https://respublica.edu.mk/intervju/plamenka-bojcheva-od-1-450-institucii-600-s%d1%90-ushte-nemaat-veb-stranici/](https://respublica.edu.mk/intervju/plamenka-bojcheva-od-1-450-institucii-600-s%d1%90-ushte-nemaat-veb-stranici/)

## Промотивни материјали

***Инфографика, брошури и брендиран промотивен материјал:*** Одделението за односи со јавност во извештајната 2024 беше задолжено за креирање на промотивен материјал наменет за соработниците и посетителите на обуки во Агенцијата, како и за новинарите кои ги следеа настаните во организација на Агенцијата.

Со цел да се промовира *Водичот за активна транспарентност на политичките партии во Република Северна Македонија* и да се зголеми препознатливоста на пораките поврзани со Меѓународниот ден за универзален пристап до информации, Секторот за односи со јавноста изработи флаер на македонски и албански јазик, кој ги содржи клучните пораки од *Водичот за транспарентност*.

Дополнително, во флаерот беше вклучен QR-код кој овозможува лесен пристап до *Водичот за активна транспарентност на политичките партии во Република Северна Македонија* и *Компаративниот преглед на транспарентноста на политичките партии* за полесно информирање на јавноста.




Слика 1: Промотивен материјал/флаер на македонски и албански јазик

### *Работни средби и обуки*

*Еднодневна обука на тема „Со транспарентност против корупција“.* На 27 јануари 2024 година, во хотел „Милениум“ – Битола, се одржа еднодневна обука под наслов „Со транспарентност против корупција“, организирана од Центарот за стратешки истражувања и документација „Форум“ со поддршка од Европската Унија.

Настанот започна со воведни обраќања од страна на организаторите на иницијативата „Младински активизам против корупција – вклученост и учество“, како и од проектниот координатор. Во рамки на обуката беше презентиран извештај од спроведено истражување за начинот на распределба и користење на средствата добиени од надоместокот за производство на електрична енергија од фосилни горива во општините Битола, Новаци и Могила.

Петар Гајдов, државен советник од Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, направи презентација преку која ги објасни механизмите за пристап до информации од јавен

карактер. Преку конкретни примери, тој ја истакна важноста на јавниот интерес и пристапноста на податоците за граѓаните.

Новинарката Емилија Мисирлиевски од Телма, која е и член на „Советот на чест“ при Здружението на новинари, ја надополни дискусијата со осврт на транспарентноста како суштинска алатка во борбата против корупцијата, нагласувајќи ја нејзината важност за демократското општество.

***Работна средба: Транспарентност на политичките партии и коалиции во предизборен и изборен период.*** На 28 февруари 2024 година, во просториите на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одржа работна средба под наслов „Транспарентност на политичките партии и коалиции во предизборен и изборен период“.

Настанот ги обедини претставниците на политичките партии и коалиции во Република Северна Македонија, кои имаа можност да разменат практични искуства во однос на објавувањето на информациите од јавен карактер. Дополнително, учесниците дискутираа за предизвиците со кои се соочуваат во процесот на транспарентно известување, особено во предизборниот и изборниот период, кога пристапот до точни и навремени информации е од клучно значење за јавноста.

Главна цел на средбата беше да се истакнат чекорите што треба да се преземат за да се обезбеди повисоко ниво на транспарентност кај политичките субјекти. Во таа насока, беа разгледани можните механизми за унапредување на јавното информирање во текот на изборните процеси, со акцент на отворена комуникација и отчетност кон граѓаните.

Средбата претставуваше значаен чекор кон подобрување на пристапот до информации од јавен карактер, што е клучен предуслов за фер и демократски изборен процес.

***Соопштенија за јавноста (PSAs), публикации, проекти, извештаи, видео материјали и социјални мрежи:***

***Проект: Инклузивност во пристапот до информации од јавен карактер за лицата со попреченост (мај 2024).*** Во рамките на проектот „Инклузивност во пристапот до информации од јавен карактер за лицата со попреченост“, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, во соработка со *Здружението Инклузива* и со финансиска поддршка од *Фондацијата Отворено општество – Македонија*, реализира

значаен чекор кон унапредување на достапноста на информациите за сите граѓани. Како резултат на ова партнерство, беше создадено специјализирано едукативно видео, кое има за цел да го поедностави и направи поразбирлив процесот на пристап до информации од јавен карактер, прилагодено за лицата со различен вид на попреченост.

Во видеото, млади активисти од *Здружението Инклузива* низ јасни и практични чекори го објаснуваат целиот процес на поднесување барање за информации од јавен карактер, осигурувајќи дека секој, без оглед на видот на попреченоста, може да го искористи своето законско право на пристап до потребните информации.

Дополнително, видеото е изработено со високо ниво на инклузивност, вклучувајќи толкување на знаковен јазик, визуелни прилагодувања и аудио-нарација, со што се обезбедува неговата достапност за што поголем број лица со различни потреби. Оваа иницијатива претставува значаен чекор кон градење на поотворено, транспарентно и инклузивно општество, во кое сите граѓани имаат еднаква можност за пристап до информации од јавен интерес.

*Линк до видео-материјалот:*
https://www.youtube.com/watch?v=LNpacT0VsPo&embeds_referring_euri=https%3A%2F%2Faspi.mk%2F&source_ve_path=MjM4NTE

***Извештај на Европската Комисија за владеење на правото за 2024 година: оценка и препораки.*** Извештајот на Европската Комисија за владеење на правото за 2024 година нуди сеопфатна анализа на состојбата со владеењето на правото во Европската Унија и нејзините земји-членки, како и во земјите-кандидати за членство. Оваа година, за првпат, извештајот вклучува посебни поглавја за Северна Македонија, Србија, Црна Гора и Албанија, овозможувајќи подлабока проценка на нивниот напредок и предизвици.

Извештајот содржи препораки насочени кон унапредување на реформите во земјите-членки и идентификување области каде што се потребни дополнителни подобрувања. Во однос на Северна Македонија, извештајот ја истакнува улогата на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, нагласувајќи дека таа обезбедува пристап до информации како уставно загарантирано право.

***Социјални мрежи.*** Во текот на 2024 година, Секторот за односи со јавноста активно спроведуваше комуникациски активности со цел да ја информира јавноста за работата и тековните иницијативи на Агенцијата.

Во таа насока, беа подготвени и споделени дигитално адаптирани и визуелно илустрирани соопштенија за јавноста и информативни материјали преку официјалните комуникациски канали на Агенцијата, вклучувајќи ги социјалните мрежи LinkedIn, Instagram и Facebook. Оваа стратегија овозможи навремено, точно и детално известување за активностите на Агенцијата, со што се зајакна транспарентноста и се зголеми ангажираноста на јавноста.

Покрај активното присуство на дигиталните платформи, веб-страницата на Агенцијата континуирано се ажурираше со нови вести, релевантни содржини и публикации. Со цел да се обезбеди инклузивност и достапност на информациите за пошироката јавност, сите објавени материјали беа истовремено преведени и достапни на три јазици: македонски, албански и англиски.

Овој мултијазичен пристап придонесе за поефикасно информирање на граѓаните, медиумите и сите засегнати страни, овозможувајќи подостапен и транспарентен пренос на информации од јавен интерес.

**Идни насоки**

Гледајќи напред, Одделението за односи со јавноста при Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер ќе продолжи со својот проактивен ангажман во унапредувањето и промовирањето на ова фундаментално право. Во рамките на своите активности, одделението планира да го прошири и модернизира дигиталниот пристап, збогатувајќи го соодветните содржини и комуникациски алатки.

Дополнително, ќе се вложат напори за зајакнување на соработката со медиумските партнери, овозможувајќи поефикасно и подостапно информирање на јавноста. Паралелно, одделението ќе истражува иновативни пристапи за вклучување на поширок круг граѓани во работата на Агенцијата, со цел подигнување на јавната свест за значењето и практичната примена на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

## 4.5. ОБУКИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Во оваа извештајна година:

На 27.01.2024, се одржа еднодневна обука на тема „Со транспарентност против корупција“ во хотел „Милениум“ – Битола, во организација на Центарот за

стратешки истражувања и документација „Форум", со поддршка на Европската Унија. Воведно обраќање на обуката имаа спроведувачите на иницијативата „Младински активизам против корупција – вклученост и учество" .

На 29.02.2024 година двајца вработени присуствуваа на Меѓународна конференција за „Медиумската писменост во ерата на вештачката интелигенција: проширување на границите на возможното организирана од Институт за комуникациски студии (ИКС) и ИРЕКС.

На 19 март 2024 година во СЕП во Скопје двајца (2) вработени од Агенцијата беа на обука насловена Capacity building on the Performance Assessment Framework (PAF) of North Macedonia -Градење на капацитетите на рамката за проценка на перформансите (РПП- ПАФ) на Северна Македонија.

На 27.03.2024 година двајца вработени присуствуваа на конференцијата: „Како да комуницираме за животната средина во растечката еколошка криза: практични искуства и нови перспективи." Конференцијата ја организирашеИнститутот за комуникациски студии (ИКС) во рамките на проектот „Популаризирање на комуникацијата за животната средина преку онлајн учење и виртуелна мобилност", што го спроведува во партнерство со универзитетите во Загреб, Нови Сад, Сараево и Тирана, а е финансиран од програмата ЕРАЗМУС+.

На 03.04 и 02.07.2024 година еден вработен беше на Конференција: Рамноправноста низ призма на статистиката организирана од Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и ХОПС – Опција за здрав живот од Скопје.

На 15.04.2024 година еден вработен во рамките на Проектот „Поддршка на ЕУ за владеење на правото" презентација на словенечкиот Ерар/Е-истражител систем организиран од Центарот за обука Државната комисија за спречување на корупцијата.

На 06 и 07.05.2024 година претставници од Агенцијата присуствуваа на Работилница за анализирање/справување со случаи за слободен пристап до информации организација на Советот за транспарентност и добро владеење на Шпанија.

На 20-21 мај 2024 година, шест (6) вработени од Агенцијата учествуваа на дводневна обука на тема „Зголемување на еколошката транспарентност за унапредување на еколошката правда" која се одржа во Крушево, во организација на УНДП и во соработка со Агенцијата.

Од 31 мај до 30 јуни 2024 година еден вработен од Агенцијата учествуваше на онлајн обука за Организациско погрешно постапување и неговите причини, етичко лидерство и етички менаџмент во рамките на организациите во организација на Меѓународната академија за антикорупција од Австрија (INTERNATIONAL ANTI-CORRUPTION ACADEMY- IACA).

На 02.07 двајца вработени присуствуваа на Презентација на проектот – Рамноправноста низ призма на статистиката и воведни забелешки одржана во соработка со Асоцијација за демократски иницијативи (АДИ) од Гостивар и ХОПС – Опција за здрав живот од Скопје.

На 12.07.2024 година еден вработен присуствуваше на обука за Инструменти за владееење на правото во контекст на пристапувањето организирана од Институт за европска политика (ЕПИ) Скопје.

На 31.07.2024 година Мистерството за јавна администрација во соработка со Центарот за управување со промени (ЦУП), организираше јавна дискусија за клучните предизвици со кои се соочуваат институциите од јавниот сектор во Република Северна Македонија на која присуствуваа и двајца вработени од Агенцијата.

Истиот ден двајца вработени беа присутни и на еднодневна работилница: Презентација на Дизајнерско размислување за социјална инклузија Design Thinking for Social Inclusion во областите на животната средина, социјално претприемништво и социјална работа The Thinking во организација на ECO Logic како дел од Еразмус+ проектот „Дизајнерско размислување за социјална инклузија“.

На 26 и 27.08.2024 година на дводневна обука за ИПА проекти и Обучувачи на обучувачи организирана од UNWomen и SEP, присуствуваа двајца врабоени во својство на обучувани обучувачи.

На 30.08 двајца вработени беа на Втора работилница за дискусија на програмата за градење на капацитети на администрацијата за собирање на податоци за мерење на дискриминацијата.

Од 03.09 до 05.09.2024 година пет вработени присуствуваа во Велес на “Обуката за основна комуникација”, а за присуството на обуката им беа издадени сертификат која беше одржана во рамките на Проектот е Владеење на правото во рамките на компонентата ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРЕВЕНЦИЈАТА И БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА

Од 04.09 до 06.09.2024 година еден вработен присуствувуваше на обука во рамки на проектот ''Рамноправноста низ призма на статистика'', спроведен од страна на АДИ од Гостивар и ХОПС од Скопје, на тема: Обука за обучувачи за собирање на податоци за мерење на дискриминација.

На 11 и 12 Септември 2024 година во Ресурсниот центар за родово одговорно креирање на политики и и буџетирање се одржа обука на која присуствуваа двајца вработени од Агенцијата. Основната обука за род, родова еднаквост и воведување на родовата перспектива во јавните политики беше наменета за зајакнување на капацитетите на административните службеници за родово одговорно креирање на политики и буџетирање кои се вклучени во процесот на креирање на политики и програми во своите институции ја спроведе Министерство социјална политика, демографија и млади реализира обука.

На 30.09 Еднодневна работилница за анализа на ГАП за Секторската работна група за реформи во јавната администрација и презентација на водилки организирана од Un Women & SEP, присуствуваше еден вработен од Агенцијата.

На 10.10.2024 година еден вработен беше на еднодневна обука- Активистички вовед во ГАП организирана од Un Women & SEP.

Работна група од десет (10) вработени од Агенцијата со обучувачите од ЦАФ во периодот од април до септември учествуваа на работилници за ЦАФ Изготвување на План за подобрување на состојбите врз основа на избрани мерки од извештајот за заедничка рамка за проценка. На завршната работилница за подобрување на работата на Агенцијата - CAF 2024, како финален процес на CAF на 7 и 8 октомври 2024 година учествуваа сите вработени од Агенцијата.

На 15 и 16.10.2024 година, двајца вработени присуствуваа на Основна обука за родово одговорно буџетирање и негова примена во секторските политики и програми.

На 16 Октомври еден вработен учествуваше на "Тематски форум Вклучена заедница за отпорност на корупција" организиран од Метаморфозис.

Од 27.11. до 29.11.2024 година тројца претставници од Агенцијата присуствуваа на одржаната обука за Основи на родова анализа.

Еден вработен на 3 и 4 декември учествуваше на Обука за службеници за млади за младински политики и младинско учество.

На Консултативна дебата – Индекс за младинско учество за 2023 година, која што се одржа на 24 декември присуствуваше еден вработен.

Еден вработен беше на Обука за преведувачи и за лектори во Агенција за примена на јазикот на РСМ за што му беше издаден сертификат.

## 5. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ПРОЕКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ВО 2024 ГОДИНА

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер за периодот јануари - декември 2024 година, како и во минатите години во делот на меѓуинституционалната и меѓународната соработка, покрај континуираното одржување на веќе воспоставените релации со своите соработници и сродни институции, беше активна и на полето на релизацијата на проектни активности, подготовки на извештаи, како и бројни учества во работни групи, посети на конференции, обуки и работилници.

### 5.1. МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА НА АГЕНЦИЈАТА ВО 2024 ГОДИНА

#### 5.1.1. Стратегија за реформа на јавната администрација 2023-2030 и Акциски план 2023-2026

Номинираните лица од Агенцијата како активни членови на работната група за реформа на јавната администрација (РЈА), доследно ги подготвуваа и објавуваа податоците кои се однесуваат на активностите на електронскиот систем за следење на спроведувањето на Стратегијата за реформа на јавната администрација на Министерството за јавна администрација. Во извештајниот период 2024, согласно утврдените активности содржани во Акцискиот план, Агенцијата извести во **Приоритетна област 3:** ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ и посебна цел 3.4.: Зголемена транспарентност на институциите на државно и локално ниво и мерка 3.4.1 Унапредување на алатките за достапност на информациите од јавен карактер

*Активност 3.4.1.1 Зајакнување на капацитет на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер (АЗПСПИЈК) за извршување на нејзините надлежности.* Во однос на оваа активност известивме дека Агенцијата во 2024 година, во соработка со бројни партнери од

невладиниот сектор одржа бројни работни средби се со цел обезбедување на донаторски средства за реализација на проектни активности поврзани со зајакнувањето на капацитетите на Агенцијата. Во таа насока беше реализиарно следното:

- Агенцијата во соработка со Здружение за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА од Куманово, реализираа обука за запознавање на вработените во Агенцијата со тематиката и институционална подготовка за реализација на активноста во рамките на Национална стратегија за правата на лица со попреченост 2023-2026, беше потпишан и Меморандум за соработка и подготвен и електронски објавен Прирачник, како и информативно видео за остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер за лица со попреченост.
- По остварената работна средба за соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) во Скопје во 2024 година беше организирана дводневна обука на тема „Зголемување на еколошката транспарентност за унапредување на еколошката правда“. Обуката беше посетена од службените лица кај имателите од државните институции, министерства и општините.
- Агенцијата во соработка со Советот на Европа во рамките на проектот „Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС)”, продолжува и во третиот циклус на самиот проект. Во 2024 година беше изготвена Анализа на судската пракса на Управниот суд во врска со Законот за пристап до информации од јавен карактер (2019-2023) во Северна Македонија, но објавата на истата ќе биде во 2025 година со посебна активност за истата.
- Во соработка со Меѓународниот републикански институт – ИРИ, Агенцијата во септември 2024 година во своите простории организираше работилница насловена „Транспарентност на политичките партии и коалиции во предизборен и изборен период“. Вториот дел од оваа работилница, беше фокус група од која експертите се стекнаа со информации и податоци потребни за подготовката на Водич за активна пранспарентност на Политичките партии. Промоцијата на овој Водич, со поддршка на ИРИ беше токму на одбележувањето на 28-ми Септември на Меѓународниот ден за универзалниот пристап до информации.
- Во 2023 година Агенцијата обезбеди вклученост во проектот „Партнерство против корупција“ чија реализиација е со финансиска поддршка од USAID, а во месец мај 2024 започна имплементација на

првата активност во рамките на овој проект, односно со CAF процес во Агенцијата.

- Во септември 2024 година од страна на Европската Делегација официјално е објавена, Твининг Лајт апликација која Агенцијата ја подготви на тема: „Поддршка на слободниот пристап до информации-Се издигнуваме заедно.“ (Supporting the free access to information - We rise together.)“.

<u>Активност 3.4.1.2 Подготовка на измени и дополнувања на Законот за СПИЈК со цел зголемување на надлежностите на Агенцијата и унапредување на правото на слободен пристап до информациите.</u> Во рамките на ИПА2 проектот „Промовирање на транспарентност и отчетност во јавната администрација“ за Агенцијата беше публикувана „Анализата на примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер со препораки за унапредување на системот за слободен пристап до информациите“. Препораките на СИГМА како и интерните извештаи подготвени од страна на вработените на Агенцијата, заедно со оваа анализа, се почетни материјали за измени и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Министерството за правда е институцијата која е надлежна за овој Закон и затоа таа го води процесот за измени и дополнување на истиот. Во текот на 2023 и првата половина од 2024 имаше заеднички иницијативи и соработки за реализација на оваа активност и измените на законот беа ставени во програмата за работа на Владата за 2024 година како активност на Министерството за правда, но поради изборниот процес постапката се одложи. Во август годинава Собранието на Република Северна Македонија ја ратификуваше Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до официјални документи т.н. Тромсо Конвенција, поради што се појави потребата од усогласување на домашното законодавство со одредбите на Конвенцијата.

Следствено на ова, Министерството за Правда во септември 2024 година ја започна процедурата за измени и дополнувања на Законот за слободен пристап која резултираше со формирање на Работната група за измени и дополнувања на законот за слободен пристап со одржување на првиот состанок во Министерството за правда во ноември 2024 година на кој секој член на работната група доби задолжение да даде свои предлози за измените на законот кои би се дискутирале на следните работни состаноци кои би резултирале со еден единствен предлог текст со измени на законот. До крајот на годината се одржаа вкупно 3 состаноци на работната група и за секој состанок се изготвуваше записник.

Активност 3.4.1.3 Подготовка на процедури за проактивно објавување на информациите кои ги создаваат или со кои располагаат институциите, нивно водење и ажурирање. Во насока на унапредување на Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер (ЗСПИЈК), Агенцијата има потреба од подготовка и поддршка за Унапредување на проактивната транспарентност од страна на донатори, но самостојно во извештајниот период има изготвено и објавено Водич за проактивна транспарентност и во 2024 година дополнителен информативен материјал се со цел да им овозможи на граѓаните брз, едноставен и лесен пристап до сите информации кои ги поседуваат и со кои располагаат сите иматели на информации од јавен карактер.

Активност 3.4.1.4 Поддршка на органите на државна управа и општините за унифицирано и целосно објавување на податоците согласно ЗСПИЈК и за поттикнување на проактивната транспарентност. Во насока на унапредување на проактивната транспарентност, како додадена вредност во своето работење, Агенцијата секоја година согласно утврдената Методологија спроведува мониторинг на веб страните на имателите на информации и подготвува и објавува извештаи, а во 2024 година спроведе мониторинг на: општините и центрите за развој на плански региони, судската власт и државните институции.

Извештаите од спроведените мониторинзи Агенцијата ги објавува на својата веб страната, притоа и ги доставува до мониторираните иматели на информации со добиените резултати, за нивно запознавање, кои треба да послужат како корективна мерка се со цел подобрување на нивните веб страници во однос на активната транспарен

Активност 3.4.1. Спроведување на обуки и информативно - едукативни сесии за подигнување на свеста во институциите за важноста на пристапот до информации од јавен карактер за институциите на локално и централно ниво и подигнување на е-услугите преку користење на е-порталите на АЗПСПИЈК. Во 2024 година Агенцијата реализираше вкупно 9 обуки се со цел да ги едуцира новоназначените и актуелните службени лица за посредување со информации кај имателите на информации. Дополнително со поддршка на невладиниот сектор во 2024 година, беа организирани 3 обуки дополнителни обуки од кои првата е во организација на Центарот за стратешки истражувања и документација „Форум“, втората со поддршка на УНДП за службените лица кај имателите од државните институции, министерства и општините, а последната со ИРИ за службените лица од политичките партии. Една обука во Академија на судии и јавни обвинители и една обука на ученици од средно училиште.

Активност 3.4.1.6 Подигнување на јавната свест кај барателите за начинот на користење на правото на слободниот пристап до информациите од јавен карактер со посебен акцент на користење на е-порталот на АЗПСПИЈК, а во насока на дигитализација на процесите. Во извештајниот период на е-порталот за баратели се регистрирани и доставени 231 барање од е- баратели Слободен Пристап - Поднесете и прелистајте барања за слободен пристап до информации (slobodenpristap.mk). Следни чекори во рамките на оваа активност на Агенцијата е потрага по потенцијални донатори за проектни активности за анимирање и зајакнување на знаењето на барателите за правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Новина во процесот на планирање и подготвување беше пополнувањето на обрасците за ризици и деталната буџетска пресметка за потребни финансиските средства за реализација на наведените активности во Акцискиот план. Согласно, овој докумнет Агенцијата во својот буџетски циркулар достави побарување на средства од Буџетот на Република Северна Македонија, но истите не беа одобрени од страна на Министерството за финансии во Буџетот на Агенцијата за 2025 година.

Агенцијата е активен учесник во работата на Специјалната работна група за СРЈА. На крајот од 2024 година за потребите на 13-ти Состанок на специјалната група за РЈА, Агенцијата подготви Извештај со краток осврт на постигнати резултати и позначајни планирани реформи за областите од поткомитетот на РЈА. Состанокот на Специјалната група за Реформа на јавната администрација се одржа во декември 2024 година во просториите на Владата на Република Северна Македонија.

Согласно акцискиот план, Агенцијата во електронскиот систем за следење на спроведувањето на СРЈА, известува за три показатели, со претходно утврден начин и динамика за известување на истите и соодветната методологија, известувањето за 2024 е:

- **Процентот на државни институции кои на своите веб страници редовно ги објавуваат и ажурираат документите согласно ЗСПИЈК** кој за 2024 година изнесува 69.9 % со кратко објаснување за истиот: Агенцијата изврши мониторинг на 113 иматели, односно на веб страниците на имателите од државните институции, објавени на Листата на иматели на информации на веб страната на Агенцијата. Мониторингот беше спроведен во периодот од 10 ноември до 20 декември 2024 година. Од вкупно 133 државни институции евидентирани во Листата како иматели, беа мониторирани веб

страниците на 113 иматели. 11 иматели не беа опфатени со мониторингот, бидејќи немаат сопствени веб локации. Мониторинг не беше спроведен на четирите нови министерства од причина што субјектите се нови и во тек е воспоставување на web и пополнување на страните со информации

- **Број на реализирани обуки за ЗСПИЈК на локално и регионално ниво:** Агенцијата за овој показател има известено за 14 обуки кои се одржани со физичко присуство и тоа обуки на службени лица од институциите задолжени за слободен пристап.
- **Процент на неодговорени барања за пристап до информации од јавен карактер од државни институции** и тоа во 2024 година вкупниот број на поднесени жалби до Агенцијата против државните институции е 140, а од нив по основ молк на управата се евидентирани 79 жалби. Согласно формулата за овој индикатор, пресметаната вредност за 2024 година изнесува 57.3%

### 5.1.2. Рамка за проценка на изводливост/ перформанси ПФМ

Во рамката за проценка на изводливост на Министерството за финансии, односно мерењето на работните перформанси чии вредности за многу области и институции се содржани на електронската ПФМ (PAF) платформата (pafnorthmacedonia.mk), на годишно ниво Агенцијата има обврска да известува за вкупно 5 индикатори, односно 3 индикатори кои се наоѓаат во две области Правда и внатрешни работи и Демократија и владеење.

Конкретно, два идентични индикатори во подгрупите Борба против корупцијата и еден дополнителен во Одговорност, отчетност и транспарентност под СРЈА.

Агенцијата за 2024 година ги извести следните процентни вредности и тоа:

- Стапката на примени жалби поради „молчење на администрацијата“ изнесува 245 (69,21)
- Стапката на одлуки со кои се уважува пристапот до информации од јавен карактер изнесува 210 (59,32 %) и
- Стапката на одбиени барања за пристап до јавни информации од јавни институции изнесува 34 (9,6 %).

### 5.1.3. Националната стратегија за информатичко-комуникациски и телекомуникациски развој

Под покровителство на Министерството за дигитална трансформација и Националниот совет за дигитална трансформација започнат е процесот на изработка на национална ИКТ стратегија 2025-2030 и активно учество во овој процес зема и Агенцијата. Дигиталната трансформација и последователно општествен развој во согласност со ЕУ стандардите (Дигитална декада на Европа: дигитални цели за 2030 година) е носечкиот приоритет за Македонија на кој се посветува големо внимание, со професионални капацитети, знаења и ресурси. Процесот е комплексен и бара контиунирана и непречена мултиинституционална соработка и вклученост на повеќе чинители: академска заедница, бизнис заедница, меѓународни партнери. Ваков документ е неопходен и се наметнува заради се поголемата потреба од поврзување во општеството, овозможувајќи секојдневниот живот на граѓаните и бизнисот да биде технолошки олеснет и оптимизиран.

Изработката на националната стратегија опфаќа неколку последователни процеси:

1. Анализа на состојбата преку прибирање на податоци, утврдување на проблеми, причини и последици, утврдување на приоритети и опфат
2. Стратешка рамка со дефинирање на визија, приоритетни области, општи и посебни цели
3. Рамка за следење со показатели, начин на прибирање на податоци, динамика на известување, анализа на ризици, динамика на оценување
4. Акциски план со преземање мерки и активности, трошоци, рокови и финансиски план

Сето ова ќе се изведува со постојана консултација со засегнатите страни и нивно активно учество. Согласно предлог планот, Агенцијата веќе достави идеи, искуства, предлози и планови за националната ИКТ стратегија, а планираните рокови се веќе во март 2025 година да има изготвена и усвоена Национална ИКТ стратегија.

### 5.1.4. Ратификувана конвенцијата на Советот на Европа за Пристап до Официјални Документи (Тромсо Конвенција)

Со заеднички иницијативи на Агенцијата и Министерството за правда Собранието на Република Северна Македонија, на својата 12-та седница одржана на 13 август 2024, го донесе Законот за ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до официјални документи. Со нејзиното донесување, Република Северна Македонија станува 16-та земја која ја има ратификувано оваа Конвенција. Досега Конвенцијата ја имаат ратификувано и истата има влезено во сила во 15 земји: Албанија, Ерменија, Босна и Херцеговина, Естонија, Финска, Унгарија, Исланд, Литванија, Црна Гора, Норвешка, Република Молдавија, Словенија, Шпанија, Шведска и Украина. Конвенцијата на Советот на Европа за пристап до официјални документи (CETS бр. 205), позната и како Тромсо конвенција, е донесена на 18 јуни 2009 година во Тромсо, Норвешка, а стапи на сила на 1 декември 2020 година.

Конвенцијата од Тромсо е првиот обврзувачки меѓународен правен инструмент кој го признава правото на пристап до официјалните документи што ги поседуваат јавните органи на секое правно и физичко лице, без дискриминација и без оглед на статусот или мотивите на барателот при неговото барање за пристап до информации од јавен карактер.

Таа утврдува минимални стандарди за брза и правична постапка на барањата за пристап до официјалните документи од страна на јавните органи кои ги поседуваат документите, како и за внатрешни административни ревизии и жалби поднесени до независните органи или судови во случај на одбивање на барањата за пристап до информациите од јавен карактер.

### 5.1.5. Националната стратегија за борба против корупцијата 2021- 2025

Во текот на извештајната 2024 година, како дел од активностите преземени согласно Националната стратегија за борба против корупцијата 2021- 2025, Агенцијата редовно, во предвидениот рок, преку порталот portal.dksk.mk достави извештаи во две области за кои е посочена од страна на Државната комисија за спречување на корупцијата да дава извештај и тоа:

1. <u>НС Област:Јавни набавки</u>

Известување во однос на активност 1.3. Зајакнување на надзорот во однос на објавување на информациите во однос на јавните набавки согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер:

Согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, Агенцијата врши надзор во однос на објавените информации за јавните набавки, на веб страните на имателите само во поглед на следните податоци: Годишен план за јавни набавки, Огласите за јавни набавки и известувањата за склучен договор, без притоа да навлезе во содржината на истите. Линк до информацијата и до извештаите за мониторинг: https://aspi.mk/izvestai/. Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер врши мониторинг на веб страните на имателите на информации, согласно Методологијата изготвена во соработка со надворешни експерти. Мониторингот на веб страните на имателите на информации е додадена вредност во работата на Агенцијата. Мониторинзите се подготвуваат врз определени категории на иматели и во определен период. Во 2024 година Агенцијата изврши мониторинг на веб страните на Општините и центрите за развој на планските региони, како и на судската власт. Од мониторингот кој се однесува на јавните набавки добиени се следнте резултати: Општини и центри за развој на планските региони: На веб станите на мониторираните Општини и центрите за развој на планските региони годишните планови за јавни набавки ги имаат поместено во посебен линк 48 иматели, а 55 субјекти ги објавуваат огласите за јавни набавки. 54 субјекти ги имаат објавено известувањата за склучен договор за јавна набавка. Судска власт: На веб станите на мониторираните иматели годишните планови за јавни набавки ги имаат поместено во посебен линк 16 иматели, а 11 субјекти ги објавуваат огласите за јавни набавки и 11 иматели на информации ги објавиле известувањата за склучени договори за јавна набавка. Согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, Агенцијата врши надзор во однос на објавените информации за јавните набавки, на веб страните на имателите само во поглед на следните податоци: Годишен план за јавни набавки, Огласите за јавни набавки и известувањата за склучен договор, без притоа да навлезе во содржината на истите. Агенцијата посочува дека нема прекршочни одредби за извршување на прекрочни санкции конкретно за необјавување на горенаведените податоци кои се посочени во активноста 1.3 од Акцискиот план на Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025.

2. НС Област: Вработување

Известување во однос на активност 4.1. Зајакнување на надзорот во однос на објавување на актите за организација и систематизација и вработувањата, согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер:

Зајакнување на надзорот во однос на објавување на актите за организација и систематизација и вработувањата, согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер согласно доставениот извештај, АСПИ информира дека согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, Агенцијата нема надлежности да врши надзор во однос на објавување на актите за вработувања. Од 125 мониторирани институции, документи за внатрешна организација и систематизација имаат објавено 116 институции. Општини и центри за развој на планските региони: Правилникот за внатрешна организација го имаат објавено 30 иматели, а правилникот за систематизација го објавиле 43 иматели. Органограм за внатрешна организација имаат објавено 66 иматели. Судска власт: Правилникот за внатрешна организација го имаат објавено 18 иматели, а правилникот за систематизација го објавиле 20 иматели. Органограм за внатрешна организација имаат објавено 15 иматели. Согласно доставениот извештај, АСПИ информира дека согласно член 10 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, Агенцијата нема надлежности да врши надзор во однос на објавување на актите за вработувања.

## 5.2. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ПРОЕКТИ НА АГЕНЦИЈАТА ВО 2024 ГОДИНА

### 5.2.1. Активности на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер како членка во Меѓународната конференција на комесари за информации (ICIC)

- **Учество на Меѓународна конференција**

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, како активен член на Меѓународната конференција на комесари за информации (МККИ) и во текот на 2024 продолжи да остварува континуирана соработка како со Секретаријатот на МККИ, така и со регионалните мрежи во рамките на европскиот континент. Соработката се базира на размена на искуства, учество и промоција на активностите на членките, нивна поддршка, како и истражувања и споделување на позитивни примери и најдобри практики.

Меѓународната конференција на комесари за информации (ICIC) е светски годишен форум кој ги поврзува комесарите за информации, народните правобранител и други тела надлежни за надгледување на спроведувањето на

законот за слободен пристап до информации од јавен карактер од целиот свет, како фундаментален столб за социјалното, економското и демократското управување. Мисијата на самиот настан е споделување на знаење и најдобри практики, градење на капацитети, глобален напредок и вмрежување, за да може да се дејствува како колективен глас во меѓународните форуми со цел да се подобри правото на луѓето на пристап до информации од јавен интерес.

Конференцијата се одржа во периодот од 3 до 5 јуни 2024 година во Тирана, Албанија, а домаќин на XV изданието на Меѓународната конференција на комесари за информации ICIC 2024, беше Канцеларијата на Комесарот за заштита на информации и лични податоци на Албанија. Темата на овогодинешната конференција беше: „Зајакнување на поединците преку пристап до информации: обезбедување транспарентност и инклузивност во меѓусебно поврзан свет". Годишната конференциска програма на ICIC се состоеше од затворена и јавна сесија. На затворената сесија присуствуваа акредитирани - ICIC) членови, додека на јавната сесија, покрај членовите на ICIC, учествуваа и претставници на меѓународните организации и партнери, невладини организации (НВО), новинари и други заинтересирани и засегнати страни. Главниот фокус на сите дискусии беше решавање на вообичаените теми поврзани со слободниот пристап како и да ги истражи можните решенија, земајќи ги во предвид новите технологии и дигитализацијата и нивниот ефект врз законските решенија и човекото правото на слободен пристап до инфрмациите од јавен карактер.

Додека на затворената сесија на Европска Мрежа во рамките на ICIC, покрај колегите од сродните институции од Португалија, Германија, Унгарија и Шпанија и Северна Македонија, поточно Агенцијата беше избрана како активен член на мрежата.

Оттука, во текот на 2024 година, тимот на Агенцијата активно соработуваше со Секретаријатот на ICIC, како член на регионалната мрежа, активно учествуваше и придонесе со своето искуство при подготовката на Статутот на Европска Мрежа во рамките на ICIC. Покрај тоа, Агенцијата го интензивира своето работење преку учество во бројни хибридни состаноци во формираните ICIC Работни групи од повеќе области, во рамките на оваа мрежа, кои застапуваат и обработуваа важни теми од областа на слободниот пристап до информации.

Како дел од соработката со Меѓународната конференција на комесари за информации (МККИ), во текот на 2024, тимот на Агенцијата изработи неколку

извештаи и одговори на неколку прашалници, согласно потребите на Секретаријатот на МККИ и тоа:

На 16.04.2024 година, во рамките на работната група за обуки на Меѓународната конференција на комесари за информации (МККИ) (International Conference of Information Commisioners (ICIC), Агенцијата достави пополнет Анкетен прашалник за дигитални алатки за обуки.

Во рамките на одбележувањето на светскиот ден на слобода на печатот, на 16.04.2024 година, Агенцијата поднесе извештај за најдобрите практики на Агенцијата во промовирањето на пристапот до јавни информации поврзани со животната средина. Овој извештај беше придонес на Агенцијата кон 31. Меѓународна конференција на UNESCO насловена „Извештај за планетата: Новинарството соочено со предизвиците на еколошката криза“.

На 02.05.2024 година Агенцијата достави пополнета Анкета во рамките на Работната група за правни предмети на МККИ како дел од активностите на Меѓународната конференција на комесари за информации (МККИ) (International Conference of Information Commisioners (ICIC) за разгледување на студии на случаи.

На 17.05.2024 година Агенцијата достави пополнета Анкета во рамките на Регионалниот извештај – Европа како дел од активностите на Меѓународната конференција на комесари за информации (МККИ) (International Conference of Information Commisioners (ICIC) за XV ICIC Конференција

На 17.07.2024 година Агенцијата достави пополнета Анкета за Стратешките приоритети 2024-2027 година, во рамките на редовните активности во Меѓународната конференција на комесари за информации (МККИ) (International Conference of Information Commisioners (ICIC)

На 26. 09. 2024 година, во рамките на одбележувањето на Меѓународниот ден на универзалниот пристап до информации, на покана на Националниот институт за транспарентност, пристап до информации и заштита на личните податоци на Мексико, се одржа Панел „Влијанието на вклучувањето на информациите во јавниот сектор“ во виртуелен формат, на кој како панелист учествуваше директорката на Агенцијата.

По повод Меѓународниот ден за универзален пристап до информации (IDUAI) 2024 година, кој се одржа во Гана на 1-ви и 2-ри октомври 2024, на покана Секретаријатот на ICIC да се одбележи овој ден со „Специјално издание на МККИ Весникот“ (“ICIC Newsletter Special Edition”), Агенцијата подготви и

испрати посебен материјал кој беше дел од објавените материјали во „Специјалното издание на МККИ Весникот“.

Агенцијата, исто така, даде свој придонес во размената на искуства и позитивни практики на начин што редовно одговараше на доставените прашања од страна на Секретаријатот на Меѓународната конференција на комесари за информации (МККИ) (International Conference of Information Commisioners (ICIC).

### 5.2.2. Твининг Лајт апликација

Твининг Лајт апликација која Агенцијата ја поднесе до Европската Делегација во Скопје на тема:“ Поддршка на слободниот пристап до информации, - Се издигнуваме заедно. (“Supporting the free access to information - We rise together “) има за цел да се подобри националната политика на полето на транспарентност и отчетност на имателите на информации централно и на локално ниво во Северна Македонија во согласност со најдобрите практики и препораки на ЕУ. Во текот на месец декември 2024 беше спроведена евалуација на понуди на сите земји членки на ЕУ кои аплицирале на повикот и беше избрана сродната институција која ќе биде задолжена за имплементација на проектот. Се очекува реализацијата на проектот да започне во месец март 2025 година.

## 5.3. СОРАБОТКА СО НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

Како што беше претходно истакнато, постојниот буџет на Агенцијата е недоволен за ефикасно и успешно функционирање. Како резултат на тоа, менаџментот на Агенцијата беше охрабрен да побара дополнителна поддршка од други извори, како што се соработките и партнерствата со бројни невладини организации. Склучените партнерства вродија со реализација на бројни активности чии резултати остануваат во трајна и додадена вредност во понатамошната работа на Агенцијата, а тие се:

- **Агенцијата во соработка со Здружение за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА**

Во 2023 година, отпочна соработката помеѓу Агенцијата и Здружение за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА. Во 2024 година во рамките на оваа соработка беше подготвен и електронски објавен Прирачник,

како и информативно видео за остварување на правото на пристап до информации од јавен карактер за лица со попреченост. Реализацијата на горенаведените активности се во рамките на „Проектот за инклузија во пристапот до јавни информации за лицата со попреченост“, поддржан од Фондација Отворено општество – Македонија.

- Агенцијата во соработка со Совет на Европа

Соработката со Советот на Европа во рамките на проектот “Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС)”, продолжува и во третиот циклус на самиот проект. Агенцијата во соработка со Советот на Европа во рамките на проектот „Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС)”, продолжува и во третиот циклус на самиот проект. Во тие рамки во текот на 2024 година беше подготвувана Анализа на судската пракса на Управниот суд во врска со Законот за пристап до информации од јавен карактер (2019-2023) во Северна Македонија.

Во третиот квартал од 2024 година беше реализиран хибриден состанок на Вториот Управен Одбор на проектот. Соработката со Канцеларијата на Советот на Европа во Скопје продолжува и во 2025 година.

- Агенцијата во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) во Скопје

На 20 и 21 мај 2024 година, во Крушево, Агенцијата во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации (UNDP) во Скопје организираа дводневна обука на тема „Зголемување на еколошката транспарентност за унапредување на еколошката правда“. Обуката беше посетена од службените лица кај имателите од државните институции, министерства и општините во РСМ. На покана на Агенцијата, говорници и предавачи на обуката беа претставници од Архурс центар Скопје - Милиеуконтакт Македонија. Обуката беше реализирана во рамките на проектот „Унапредување на еколошката правда во Северна Македонија“. По одржаните презентации беа разменети искуства и примери од позитивната пракса со цел зголемување на еколошката транспарентност и унапредување на еколошката правда како на локално така и на централно ниво. Соработката продолжува и во 2025 година.

- Агенцијата во соработка со Меѓународниот републикански институт – ИРИ

Во соработка со Меѓународниот републикански институт – ИРИ, Агенцијата во своите простории организираше работилница насловена

„Транспарентност на политичките партии и коалиции во предизборен и изборен период". Вториот дел од оваа работилница, беше фокус група од која експертите се стекнаа со информации и податоци потребни за подготовката на Водич за активна пранспарентност на Политичките партии.

Промоцијата на овој *Водич, со поддршка на ИРИ,* беше токму на одбележувањето на 28-ми Септември на Меѓународниот ден за универзален пристап до информации. Целта на Водичот за активна транспарентност е да им помогне на политичките партии како иматели на информации да ја унапредат нивната транспарентност и да ги поттикне да објавуваат што повеќе информации од интерес за граѓаните, а кои даваат целосна слика за нивното делување и цели. Публикацијата исто така опфаќа и компаративна анализа на позитивните пракси и начинот на којшто политичките партии во Германија и Естонија објавуваат информации за своето работење и финансии.

- **Агенцијата остварена средба за вклученост во проектот „Партнерство против корупција"**

Агенцијата во рамките на проектот „Партнерство против корупција" (Partnership Against Corruption), предводен од глобалната компанија MSI од Вашингтон од Соединетите Американски Држави започна со реализација на првата активност CAF процесот во АЗПСПИЈК. Проектот ќе биде реализиран со финансиска поддршка од USAID. Соработката продолжува и во 2025 година.

## 5.4. ОСТАНАТИ РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

### 5.4.1. На покана на UNESCO во мај 2024 година, Агенцијата учествуваше во годишното истражување за јавен пристап до информации за 2023 на SDG Индикатор 16.10.2

Во 2022 година UNESCO, преку својата меѓународна програма за развој на комуникациите (IPDC), дополнително доби мандат да го следи и да известува за напредокот на овој индикатор ширум светот. UNESCO, преку мерењето на индикаторот SDG 16.10.2, го следи напредокот во усвојувањето и спроведувањето на "уставните, статутарните и/или политичките гаранции за јавен пристап до информациите". Агенцијата е дел од ова истражување уште од самите почетоци на покана од Тим на UNESCO SDG 16.10.2 од Сектор за универзален пристап до информации, сектор за комуникации и информации, па како минатата година, така и оваа извештајна година своите одговори на

Прашалник ги достави до тимот на UNESCO на крајот на вториот квартал од 2024 година.

### 5.4.2. Подготовка на Извештаи и Подготовка на материјали за придонесот на Северна Македонија кон Извештајот на Европската Комисија

Врз основа на воспоставената практика и писмото од Комесарот за проширување и соседска политика, доставено до Секретаријатот за европски прашања, Агенцијата подготви и достави Извештај за 2024 година, за извештајниот период од март 2023 година заклучно со ноември 2024 година, додека статистичките податоци го опфаќаа периодот јануари-декември 2023 година.

### 5.4.3. Подготовка на извештаи, анализи, посетени работилници и присуство на конференции

На 03.07.2024 година, Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер подготви и објави шест месечен Извештај за реализираните активности произлезени од законските надлежности за периодот јануари-јуни 2024 година.

На покана на Кабинетот на Заменик претседателот за европски прашања, а во организација на Канцеларијата на НИПАК на 21.05.2024 година, Агенцијата зема активно учество на Вториот состанок на Секторскиот комитет за мониторинг на ИПА II за демократија и владеење (фокус на РЈА и ПФМ). Овој хибриден состанокот се реализира со цел презентација и дискусија на стратешките приоритети на секторот Реформите во јавната администрација; релевантните стратегии, како и областите на интервенција дефинирани во рамки на Стратешкиот одговор за ИПА 3 и индикаторите за следење на нивната реализација, а беа подготвени и оперативни заклучоци и препораки.

На 16.08.2024 година Агенцијата подготви и објави Анализата на податоците од применете жалби поради молк на управата односно непостапувањето по барањата за информации од јавен карактер поднесени од барателите (молкот на управата) продолжува да биде проблем во примената на Законот за СПИЈК за одреден број на иматели на информации. Анализа за молкот на управата која се однесува на периодот од јануари до јуни 2024 година. Анализата се однесува за бројот на жалби кои се поднесени поради молк на управата и имателите на информации кои не постапиле во законски предвидениот рок по поднесени барања од страна на барателите на

информации, а целта е да се избегне оваа непопуларна алатка од страна на имателите кои ги игнорираат поднесените барања. Утврдено е дека најголем број на жалби се против имателите од локалната самоуправа. Но, во овој период забележливо е дека се зголемил бројот на жалби и против имателите од образовните институции и правните и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејност од јавен интерес. Заклучокот од спроведената анализа доведе до констатацијата дека најчесто како предмет на барањата за кои се поднесени жалби, се информации кои имателите се должни да ги објавуваат на своите веб страници и на тој начин да ја информираат јавноста. Треба да нагласиме дека Агенцијата вложува големи напори да го намали овој тренд на непостапување по поднесените барања, преку обуки и секојдневна комуникација со службените лица кај имателите на информации.

На 28.09.2024 година, по повод 28 септември – Меѓународниот ден за универзален пристап до информации, Агенцијата, на покана на Меѓународната конференција, достави авторски текст на тема: „Вклучување на пристапот до информации и учество во јавниот сектор".

Специјалното издание на билтенот има за цел да обезбеди платформа за споделување на најдобри практики, научени лекции и иновативни пристапи за надминување на бариерите за пристап до информации. Меѓународната конференција на комесари за информации настојува да ја продлабочи улогата на пристапот до информации во управувањето, развојот и заштитата на човековите права.

- Посетени работилници и конференции

На 02.05.2024 година, на покана од страна на Одделот за соработка за слобода на изразување на Советот на Европа, Агенцијата учествуваше на регионалната конференција во Рабат, Мароко, насловен како „Евро-медитерански пристапи за слободниот пристап до информации, регионална размена на искуства: „Заштита на човековите права, владеењето на правото и демократијата преку заеднички стандарди во јужниот медитеран (2022-2025) ". Овој настан беше во организација на Одделот за соработка за слобода на изразување на Советот на Европа,а во партнерство со Мароканската комисија за право на пристап до информации (CDAI). Целта на работилницата беше зајакнување на транспарентното владеење и заштита на правото на пристап до информации. Соединувајќи голем број институционални претставници за пристап до информации од Северна Македонија, Мароко, Тунис, Либан, Ирска, Шпанија, Португалија, Србија, и Грузија. Конференцијата имаше за цел да го олесни дијалогот преку споделување на добри практики и знаења за

стандардите на Советот на Европа, а особено Конвенцијата за пристап до официјални документи (*Тромсо конвенција*), како клучен чекор кон зајакнување на транспарентното владеење и заштита на правото на пристап до информации. Регионалниот настан се одржа во контекст на проектот „Слобода на изразување, медиумски плурализам и пристап до информации (SPV-FREXPLUME)“, компонента на Јужната програма V, заедничка иницијатива меѓу Европската Унија и Советот на Европа.

Од 06 до 07.05.2024 година, во Мадрид, Шпанија се одржа тематска работилница за анализирање/справување со случаи за слободен пристап до информации, именувана „Политичките партии како иматели на информации – искуства и предизвици“, во организација на Советот за транспарентност и добро владеење на Шпанија. На оваа работилница своето искуство го споделија и претставниците од институциите на Естонија, Португалија, Германија, Северна Македонија, Словенија, Швајцарија, Унгарија, Шпанија, Обединетото Кралство, Албанија, Косово, Хрватска, Луксембург, како и претставник на Европскиот омбудсман. Агенцијата зема активно учество преку презентација на примери од пракса.

Од 03 до 05.05.2024 година во Тирана, делегација од Агенцијата предводена од Заменик директорот, како член на Меѓународната конференција на комесари за информации (ICIC), зема активно учество на XV изданието на Меѓународната конференција на комесари за информации ICIC 2024. Овој светски форум кој поврзува комесарите за информации, народните правобранител и други тела надлежни за надгледување на спроведувањето на законите за слободен пристап до информации од јавен карактер на глобално ниво,. Темата на овогодинешната конференција беше: „Зајакнување на поединците преку пристап до информации: обезбедување транспарентност и инклузивност во меѓусебно поврзан свет“.

На 12.06.2024 година во Тирана, Албанија беше презентиран 5-от Годишен извешатај на БИРН (Balkan Investigative Reporting Network) за слобода на информирањето за 2023 година, на која учество зема и Агенцијата. За одбележување е фактот дека, во 2023, БИРН Македонија го има најдоброто искуство со пристап до податоци користејќи го правото за слободен пристап до информации од јавен карактер. Имено, од поднесени вкупно 63 Барања за пристап до информации од јавен карактер, 54 се во целост одговорени, по 4 барања за пристап до информации од јавен карактер е делумно постапено, 2 барања се одбиени, а само по 3 барања воопшто не е постапено од страна на институциите – иматели на информации.

На 27.09.2024 година online, се одбележа Меѓународниот ден на универзален пристап до информации 2024 година, во организација на Националниот институт за транспарентност, пристап до информации и заштита на лични податоци од Мексико, а како претседавач со Меѓународната конференција на комесари за информации (ICIC) на тема: „Интегритет, вклучување и идни предизвици за пристап до информации во јавниот сектор“.

На покана на Националниот институт за транспарентност, пристап до информации и заштита на лични податоци од Мексико, на online конференцијата, во вториот панел кој беше на тема: „Влијанието на информациите во јавниот сектор“, свое обраќање имаше директорката на Агенцијата, Пламенка Бојчева.

На 02.10.2024 година, се одржа меѓународниот форум во Баку на тема „Климатските промени и човековите права: Улогата на омбудсманите и националните институции за човекови права“. На форумот присуствуваа вкупно 200 учесници, вклучително и над 60 гости од околу 30 земји, како што се народни правобранители и претставници на НИЧП, комесари за информации, високи државни функционери, лидери и претставници на граѓански организации и разни меѓународни организации и експерти за климатски промени и човекови права. Целта на форумот беше да се разговара за предизвиците што ги носат глобалните климатски промени и да се истражат решенијата од перспектива на човековите права, како и да се споделат позитивни искуства во оваа област. Во панел дискусијата на тема „Јавен пристап до информации за климатските промени и нивните ефекти“ свое излагање имаше Директорката на Агенцијата, Пламенка Бојчева. Во својот говор таа се осврна на неопходноста од самоиницијативно, навремено и ажурно проактивно објавување на информациите од страна на владините институции кои ги креираат политиките во областа на климатските промени, екологијата и животната средина, со цел целокупната јавност да биде навремено и детално информирана за тие политики и вклучена на процесите на креирање и носење на одлуките и нивното спроведување. На крајот на конференцијата беше објавена и едногласно усвоена Декларацијата на Меѓународниот форум на омбудсмани во Баку. Декларацијата има за цел да ја подобри улогата на омбудсманите и НИЧП во решавањето на еколошките прашања и зголемувањето на јавната свест.

Од 01 до 03.10.2024 година, во Суто Море (Црна Гора) се одржа петтиот по ред состанок на земјите учеснички на Иницијатива 2020, на која присуствуваше и делегација од Агенцијата. Носечки теми на средбата беа „Афирмацијата на правото на слободен пристап до информацииите во кои преовладува јавниот

интерес“, како и „Влијанието на меѓународните стандарди и меѓународната пракса врз одлуките на независните институции“. Во експертската дебата за невралгичните прашања и предизвици од примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со теми кои произлегуваат од индивидуалното искуство и работа на земјите од кои доаѓаат, со свои излагања се обратија претставниците на Словенија, Хрватска, Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Косово и на домаќинот – Црна Гора. Членовите на Иницијатива 2020, на петтиот редовен годишен состанок усвоија заклучоци, кои пред се се однесуваа на предизвикувачката тема – молкот на властите и злоупотребата на правото на пристап до информации, како и потврдените пресуди на домашните управни и врховните судови, новите стандарди во областа на правото на слободен пристап до информациите, како во управните постапки, така и во споровите, како и во делот на проактивно објавување на информации. Следната година, состанокот на Иницијативата 2020, ќе се одржи во Призрен (Косово).

На 22.11.2024 година, на покана од канцеларијата на Програмата за развој на Обединетите нации – УНДП во Република Северна Македонија, Претставници на Агенцијата учествуваа на дводневната Меѓународна конференција на народни правобранители и национални институции за човекови права и животна средина. Еколошката правда беше во центарот на вниманието на конференцијата, а свои искуства и стратегии за заштита на човековите права во услови на загрозување на животната средина споделија претставници од регионот и Европа. Целта на конференцијата е зајакнување на напорите за еколошка правда кои почнаа со Љубљанската декларација од 2017 година и формирањето на Регионална мрежа на правобранители за животна средина и човекови права. На конференцијата како панелист на темата: „Националните перспективи за заштита на животната средина и правдата во Северна Македонија“ учествуваше и директорката на Агенцијата, Пламенка Бојчева. Конференцијата беше организирана во рамки на проектот “Зголемување на улогата на Народниот правобранител на Република Северна Македонија во еколошката правда“ финансирана од Норвешкото министерство за надворешни работи Norad, а се спроведе во соработка со Програмата за развој на Обединетите нации – УНДП и канцеларијата на Високиот комесар за човекови права на ОН во Скопје United Nations Human Rights.

# 6. БУЏЕТ, ЗАВРШНА СМЕТКА И ФИНАНСИРАЊЕ

Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, средствата за работа ги обезбедува од Буџетот на Република Северна Македонија, на раздел 19302 програма 20 - Слободен пристап до информации, на следните сметки:

- Сметка на основен буџет 193026288063710;
- Сметка на буџет на донации 193026288078511;
- Сметка на буџет на донации 193026288078526;

## 6.1. КРАТОК ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ

Со донесување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на РСМ“ бр. 283/2023), Агенцијата ја започна годината со буџет во вкупен износ од 19.406.100,00 денари. Во текот на годината со Одлуката за прераспределба на средства помеѓу буџетските корисници на централната власт и помеѓу фондовите за 2024 година („Службен весник на РСМ“ бр. 169/2024), на Агенцијата и беше утврден буџет во вкупен износ од 20.051.000,00 денари.




Графикон бр. 8: Буџет за 2024 година по извори на финансирање




Графикон бр. 9: Буџет за 2024 по економска класификација (расходи)

## 6.2. РЕАЛИЗАЦИЈА НА БУЏЕТ

Од вкупниот буџет на Агенцијата за 2024 година во износ од 20.051.000,00 денари, вкупната реализација на буџетот изнесува 19.643.429,00 денари или процентуално изразено 97,98%.

Сите средства беа испланирани и реализирани во согласност со надлежностите, правата и овластувањата на Агенцијата, со цел нивно законско, ефикасно и економично искористување.

Во однос на структурата на буџетот, со сите одобрени прераспределби на средства во текот на годината, во продолжение, табеларно и графички е прикажана распределбата и реализацијата на средства по ставки збирно за сите сметки и поединечно по сметка.

| Ставка | Буџет 2024 (сите сметки) | Реализација на буџет (сите сметки) | Процент на реализација |
|---|---|---|---|
| **40 - ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **16.681.000,00** | **16.495.365,00** | **98,89%** |
| 401 - Основни плати | 11.900.000,00 | 11.727.637,00 | 98,55% |
| 402 - Придонеси за социјално осигурување | 4.561.000,00 | 4.559.032,00 | 99,96% |
| 404 - Надоместоци | 220.000,00 | 208.696,00 | 94,86% |
| **42 - СТОКИ И УСЛУГИ** | **2.915.000,00** | **2.790.230,00** | **95,72%** |
| 420 - Патни и дневни расходи | 290.000,00 | 279.136,00 | 96,25% |
| 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.747.000,00 | 1.737.002,00 | 99,43% |
| 423 - Материјали и ситен инвентар | 150.000,00 | 149.976,00 | 99,89% |
| 424 - Поправки и тековно одржување | 150.000,00 | 138.421,00 | 92,28% |
| 425 - Договорни услуги | 200.000,00 | 196.164,00 | 98,08% |
| 426 - Други тековни расходи | 378.000,00 | 289.531,00 | 76,60% |
| **46 - СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **119.000,00** | **105.197,00** | **88,40%** |
| 464 - Разни трансфери | 119.000,00 | 105.197,00 | 88,40% |
| **48 - КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **336.000,00** | **252.637,00** | **75,19%** |
| 480 - Купување на опрема и машини | 160.000,00 | 81.655,00 | 51,03% |
| 483 – Купување на мебел | 176.000,00 | 170.982,00 | 97,15% |
| Вкупно | 20.051.000,00 | 19.643.429,00 | 97,97% |

Табела бр. 1: Реализација на буџет (збирно за сите сметки)

### 6.2.1. Сметка 193026288063710

| Ставка | Буџет 2024 | Завршна сметка 2024 | Процент на реализација |
|---|---|---|---|
| 401 – Основни плати | 11.900.000,00 | 11.727.637,00 | 98,55% |
| 402 – Придонеси за социјално осигурување | 4.561.000,00 | 4.559.032,00 | 99,96% |
| 404 – Надоместоци | 220.000,00 | 208.696,00 | 94,86% |
| 420 – Патни и дневни расходи | 90.000,00 | 89.544,00 | 99,49% |
| 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.747.000,00 | 1.737.002,00 | 99,43% |
| Комунални услуги, греење | | 1.218.451,00 | 69,75% |
| Комуникација | | 502.433,00 | 28,76 % |
| Транспорт | | 16.118,00 | 0,92% |
| 423 – Материјали и ситен инвентар | 150.000,00 | 149.976,00 | 99,98% |
| 424 – Поправки и тековно одржување | 150.500,00 | 138.421,00 | 98,08% |
| 425 – Договорни услуги | 200.000,00 | 196.164,00 | 98,28% |
| 426 – Други тековни расходи | 130.000,00 | 126.984,00 | 99,99% |
| 464 – Разни трансфери | 73.000,00 | 60.165,00 | 82,42% |
| 480 – Купување на опрема и машини | 83.000,00 | 81.655,00 | 98,38% |
| **Вкупно** | **19.304.000,00** | **19.078.276,00** | **98,83%** |

Табела бр. 2: Реализација на буџет - сметка 193026288063710




Графикон бр. 10: Реализација на буџет - сметка 193026288063710

## 6.2.2. Сметка 193026288078511

| Ставка | Буџет 2024 | Завршна сметка 2024 | Процент на реализација |
|---|---|---|---|
| 420 – Патни и дневни расходи | 200.000,00 | 189.592,00 | 94,80% |
| 426 – Други тековни расходи | 248.000,00 | 159.547,00 | 64,33% |
| 464 – Разни трансфери | 46.000,00 | 45.032,00 | 97,9% |
| 483 – Купување на мебел | 176.000,00 | 170.982,00 | 97,15% |
| **Вкупно** | **670.000,00** | **565.153,00** | **84,35%** |

Табела бр. 3: Реализација на буџет - сметка 193026288078511




Графикон бр. 11: Реализација на буџет - сметка 193026288078511

### 6.2.3. Сметка 193026288078526

| Ставка | Буџет 2024 | Завршна сметка 2024 | Процент на реализација |
|---|---|---|---|
| 480 – Купување на опрема и машини | 77.000,00 | 0,00 | 0,0% |
| **Вкупно** | 77.000,00 | 0,00 | 0,0% |

Табела бр. 4: Реализација на буџет - сметка 193026288078526

## 6.3. КОМПАРАТИВНА ТАБЕЛА НА БУЏЕТ И РАСХОДИ ВО ПОСЛЕДНИТЕ ТРИ ГОДИНИ

Во продолжение е даден табеларен и графички компаративен преглед на буџетот и остварените расходи од завршните сметки на Агенцијата во последните три години.

| Ставка | Буџет 2024 | Завршна сметка 2024 | Буџет 2023 | Завршна сметка 2023 | Буџет 2022 | Завршна сметка 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 401 - Основни плати | 11.900.000,00 | 11.727.637,00 | 10.197.000,00 | 10.121.406,00 | 8.672.000,00 | 7.691.297,00 |
| 402 - Придонеси за социјално осигурување | 4.561.000,00 | 4.559.032,00 | 3.963.000,00 | 3.930.615,00 | 3.343.000,00 | 2.984.759,00 |
| 404 - Надоместоци | 220.000,00 | 208.696,00 | 190.000,00 | 190.000,00 | 144.000,00 | 144.000,00 |
| 420 - Патни и дневни расходи | 290.000,00 | 279.136,00 | 333.000,00 | 300.033,00 | 108.000,00 | 107.471,00 |
| 421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.747.000,00 | 1.737.002,00 | 1.930.000,00 | 1.813.858,00 | 1.963.000,00 | 1.750.775,00 |
| 423 - Материјали и ситен инвентар | 150.000,00 | 149.976,00 | 160.000,00 | 159.872,00 | 177.000,00 | 177.000,00 |
| 424 - Поправки и тековно одржување | 150.000,00 | 138.421,00 | 672.500,00 | 171.509,00 | 272.000,00 | 267.618,00 |
| 425 - Договор ни услуги | 200.000,00 | 196.164,00 | 250.000,00 | 245.694,00 | 355.000,00 | 351.270,00 |
| 426 - Други тековни расходи | 378.000,00 | 289.531,00 | 170.000,00 | 169.178,00 | 290.726,00 | 287.775,00 |
| 464 - Разни трансфери | 119.000,00 | 105.197,00 | 143.500,00 | 143.137,00 | 230.000,00 | 229.960,00 |
| 480 - Купување на опрема и машини | 160.000,00 | 81.655,00 | 240.000,00 | 173.104,00 | 1.683.274,00 | 875.936,00 |
| 481 - Градежни објекти | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 4.100.200,00 | 4.034.133,00 |
| 482 - Други градежни објекти | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 70.800,00 | 70.800,00 |
| 483 - Купување на мебел | 176.000,00 | 170.982,00 | 0,00 | 0,00 | 400.000,00 | 0,00 |
| 485 - Вложувања и нефинансиски средства | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 525.000,00 | 0,00 |
| 486 - Купување на возила | 0,00 | 0,00 | 1.339.000,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| Вкупно | 20.051.000,00 | 19.643.429,00 | 19.588.000,00 | 17.418.406,00 | 22.334.000,00 | 18.972.794,00 |

Табела бр. 5: Буџет и реализација на буџет во последните три години




Графикон бр. 12: Буџет и реализација на буџет во последните три години

## 6.4. ЗАВРШНИ СМЕТКИ ЗА 2024 ГОДИНА

Копии од завршни сметки за пресметковниот период 01.01.2024 до 31.12.2024 година, за сметките 193026288063710, 193026288078511 и 193026288078526, се доставени како прилог на извештајот. (Прилог 1: Копија од завршна сметка за 2024 година)

# 7. ЗАКЛУЧОЦИ:

1. За постигнување на уште подобри резултати во работењето и подигнување на свеста и јавното мислење и знаење за пристапот до информации од јавен карактер неопходно е потребно зголемување на буџетот и зголемување на бројот на вработени во Агенцијата, со цел создавање на можности за нејзино поактивно и независно работење базирано на сопствени ресурси.
2. Со цел за подобрување на пристапот до информации во Република Северна Македонија неопходно е зголемување на надлежностите на Агенцијата во делот на проактивната транспарентност и продолжување со активности за едукација на службените лица кај имателите на информации во насока на зголемување на транспаретноста и отчетноста, со акцентирање на придобивките од проактивната транспарентност, како и за побрзо и поефикасно постапување по добиени барања за пристап до инфорамации;
3. Агенцијата ќе продолжи со активности за ажурирање на Листата на иматели на информации согласно законското решение, ќе ја продолжи соработката со имателите на информации, како и меѓународната соработка, потоа ќе продолжи со информирање на јавноста, а посебно ќе работи на планот на едукација на пошироката јавност со цел за запознавање на граѓаните со правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и начинот и постапката за користење на ова уставно загарантирано право на човекот и граѓанинот.

# 8. ПРЕПОРАКИ:

4. Основна препорака на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер и понатаму е зголемување на транспарентноста, пред се на проактивната транспарентност, што значи имателите на информации самоиницијативно, навремено и редовно да ги објавуваат информациите кои ги создаваат или со кои располагаат. На овој начин се остварува јавниот интерес, се овозможува увид во работата на јавниот сектор во целина, што придонесува кон донесување подобри одлуки и нивна подобра примена, се овозможува увид во трошењето на јавните буџетски средства, како и се зајакнува довербата на граѓаните во

јавните институции. Примената на начелото на танспарентност и на одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер е од исклучителна важност од аспект на борбата против корупцијата, јакнењето на интегритетот на институциите и на демократските процеси во општеството.

5. Подготовка на интерни процедури кај имателите на информации за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер со цел за побрзо и поефикасно постапување по добиени барања и избегнување на користење на институтот “молчење на управата“.

# 9. ПРИЛОЗИ

Прилог 1: Копија од завршна сметка за 2024 година:

ЕМБС: 07406630
Целосно име: АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР Скопје
Вид на работа: 510
Тип на годишна сметка: Сметка на органи на управа други органи од нестопанство - 603, 637
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2024

## Биланс на приходи и трошоци

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - I. ТЕКОВНИ РАСХОДИ (002+007+012+020+024+029+033+039) | 17.083.945,00 | | | 18.996.621,00 |
| 2 | - - а) ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ (003+004+005+006) | 14.242.021,00 | | | 16.500.561,00 |
| 3 | - - Плати и надоместоци | 10.121.406,00 | | | 11.732.833,00 |
| 4 | - - Придонеси за социјално осигурување | 3.930.615,00 | | | 4.559.032,00 |
| 6 | - - Надоместоци | 190.000,00 | | | 208.696,00 |
| 12 | - - в) СТОКИ И УСЛУГИ (ЗБИР ОД 013 ДО 019) | 2.698.787,00 | | | 2.435.895,00 |
| 13 | - - Патни и дневни расходи | 138.676,00 | | | 89.544,00 |
| 14 | - - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.813.858,00 | | | 1.731.806,00 |
| 15 | - - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка | 159.872,00 | | | 149.976,00 |
| 16 | - - Поправка и тековно одржување | 171.509,00 | | | 138.421,00 |
| 17 | - - Договорни услуги | 245.694,00 | | | 196.164,00 |
| 18 | - - Други тековни расходи | 169.178,00 | | | 129.984,00 |
| 33 | - - е) СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ (од 034 до 038) | 143.137,00 | | | 60.165,00 |
| 37 | - - Разни трансфери | 143.137,00 | | | 60.165,00 |
| 44 | - - II. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ( од 045-054) | 143.004,00 | | | 81.655,00 |
| 45 | - - Купување на опрема и машини | 143.004,00 | | | 81.655,00 |
| 59 | - - А) ВКУПНО РАСХОДИ (001+044+055) | 17.226.949,00 | | | 19.078.276,00 |
| 67 | - - Ѓ) ВКУПНО (059+060) =105, АКО 061 Е ПОГОЛЕМО ОД 060 ТОГАШ (059+061) =105 | 17.226.949,00 | | | 19.078.276,00 |
| 88 | - - IV. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ (089+090+091+092) | 17.226.949,00 | | | 19.078.276,00 |
| 89 | - - Трансфери од други нивоа на власт | 17.226.949,00 | | | 19.078.276,00 |
| 103 | - - А) ВКУПНО ПРИХОДИ(068+077+083+088+093+097+101+102) | 17.226.949,00 | | | 19.078.276,00 |
| 105 | - - В) ВКУПНО (103+104=067) | 17.226.949,00 | | | 19.078.276,00 |
| 106 | - - Г) ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ: Просечен број на вработени врз основа на часовите на работа во пресметковниот период (цел број) | 21,00 | | | 20,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 111 | - - А) АКТИВА: ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (112+113+114+122+123) | 10.923.888,00 | 22.371.323,00 | 11.221.750,00 | 11.149.573,00 |
| 112 | - - I. НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | | 86.964,00 | 86.964,00 | |
| 114 | - - III. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (115 ДО 121) | 10.923.888,00 | 22.284.359,00 | 11.134.786,00 | 11.149.573,00 |
| 115 | - - Градежни објекти | 10.230.818,00 | 12.382.818,00 | 1.733.595,00 | 10.649.223,00 |
| 117 | - - Опрема | 616.725,00 | 9.399.842,00 | 8.974.064,00 | 425.778,00 |
| 120 | - - Други материјални средства | 76.345,00 | 501.699,00 | 427.127,00 | 74.572,00 |
| 124 | - - Б) ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА (125+134+135+140+141+142+143+144+145+146) | 1.576.660,00 | 1.799.569,00 | | 1.799.569,00 |
| 146 | - - Други активни временски разгарничувања | 1.576.660,00 | 1.799.569,00 | | 1.799.569,00 |
| 159 | - - ВКУПНА АКТИВА (111+124+147+154+158) | 12.500.548,00 | 24.170.892,00 | 11.221.750,00 | 12.949.142,00 |
| 161 | - - I. ПАСИВА: ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА (162+163) | 10.923.888,00 | | | 11.149.573,00 |
| 162 | - - Државен -јавен капитал | 10.923.888,00 | | | 11.149.573,00 |
| 173 | - - III. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ (174+175+180+181+189+195+196+197+198) | 1.576.660,00 | | | 1.799.569,00 |
| 175 | - - б) Краткорочни обрски спрема добавувачи (176 до 179) | 274.621,00 | | | 452.266,00 |
| 176 | - - Обврски спрема добавувачи во земјата | 256.621,00 | | | 422.266,00 |
| 179 | - - Обврски спрема добавувачи - граѓани | 18.000,00 | | | 30.000,00 |
| 189 | - - д) Обврски спрема државата и други институцииза (190 до 194) | 2.000,00 | | | 3.333,00 |
| 193 | - - Обврски за даноци и придонеси по договор за дело и авторско дело | 2.000,00 | | | 3.333,00 |
| 197 | - - ж) Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1.300.039,00 | | | 1.343.970,00 |
| 200 | - - ВКУПНА ПАСИВА (161+164+165+173+199) | 12.500.548,00 | | | 12.949.142,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 613 | - - Набавна вредност на патенти, лиценци, концесии и други права | 82.587,00 | | | 86.964,00 |
| 615 | - - Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на патенти, лиценци, концесии и други права | 82.587,00 | | | 86.964,00 |
| 644 | - - Набавна вредност на информациска и телекомуникациска опрема [2]) | 1.147.672,00 | | | 1.136.859,00 |
| 645 | - - Вредносно усогласување (ревалоризација) на информациска и телекомуникациска опрема | 919,00 | | | 2.717,00 |
| 646 | - - Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на информациска и телекомуникациска опрема | 1.017.393,00 | | | 1.079.932,00 |
| 647 | - - Сегашна вредност на информациска и телекомуникациска опрема (< или = АОП | 131.198,00 | | | 59.644,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 117 од БС) | | | | |
| **648** | - - Набавна вредност на компјутерска опрема [3]) | 3.051.952,00 | | | 3.090.502,00 |
| **649** | - - Вредносно усогласување (ревалоризација) на компјутерска опрема | 2.411,00 | | | 5.359,00 |
| **650** | - - Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на компјутерска опрема | 2.870.545,00 | | | 2.987.515,00 |
| **651** | - - Сегашна вредност на компјутерска опрема (< или = АОП 117 од БС) | 183.818,00 | | | 108.346,00 |
| **652** | - - Набавна вредност на други материјални средства | 465.414,00 | | | 476.891,00 |
| **653** | - - Вредносно усогласување (ревалоризација) на други материјални средства | 765,00 | | | 3.442,00 |
| **654** | - - Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на други материјални средства | 389.834,00 | | | 405.761,00 |
| **655** | - - Сегашна вредност на други материјални средства (< или = АОП 120 од БС) | 76.345,00 | | | 74.572,00 |
| **659** | - - Обврски за плати и надомести на плати (< или = на АОП 197од БС) | 1.300.039,00 | | | 1.343.970,00 |
| **660** | - - Обврски за нето плати (< или = на АОП 197од БС) | 860.226,00 | | | 889.027,00 |
| **662** | - - Даноци од плати и надомести (< или = на АОП 197од БС) | 74.863,00 | | | 78.640,00 |
| **663** | - - Придонеси од плати и надомести од плати (< или = на АОП 197 од БС) | 364.950,00 | | | 376.303,00 |
| **664** | - - Електрична енергија (< или = на АОП 014 од БПР) | 630.901,00 | | | 651.648,00 |
| **665** | - - Водовод и канализација (< или = на АОП 014 од БПР) | 108.488,00 | | | 139.525,00 |
| **666** | - - Пошта, телефон, телефакс и други трошоци за комуникација (< или = на АОП 014 од БПР) | 575.456,00 | | | 497.237,00 |
| **667** | - - Горива и масла (< или = на АОП 014 од БПР) | | | | 2.500,00 |
| **670** | - - Прехранбени продукти и пијалаци (< или = на АОП 015 од БПР) | 37.548,00 | | | 37.791,00 |
| **672** | - - Провизија за платен промет и банкарска провизија (< или = на АОП 017 од БПР) | 9.290,00 | | | 8.000,00 |
| **673** | - - Консултантски услуги (Издатоци за авторски хонорари) (< или = на АОП 017 од БПР) | 67.968,00 | | | |
| **675** | - - Плаќања за здравствени организации од Министерството за здравство (< или = на АОП 017 од БПР) | 2.700,00 | | | |
| **677** | - - Други оперативни расходи (< или = на АОП 018 од БПР) | 2.366,00 | | | 6.263,00 |
| **679** | - - Трансфери при пензионирање (< или = на АОП 037 од БПР) | 66.022,00 | | | |
| **685** | - - Трансфери од Буџетот на Република Македонија (< или = на АОП 088 од БПР) | 17.226.949,00 | | | 19.078.276,00 |
| **688** | - - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот | 21,00 | | | 20,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | за тековна година | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4565** | - 84.110 - Општи дејности на јавната управа | | | | 19.078.276,00 |

**Потпишано од:**

LILJANA DUKOVIKJ

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

ЕМБС: 07406630
Целосно име: АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР Скопје
Вид на работа: 510
Тип на годишна сметка: Средства на буџетските корисници добиени по основ на донации - 785
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2024

## Биланс на приходи и трошоци

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | - - I. ТЕКОВНИ РАСХОДИ (002+007+012+020+024+029+033+039) | 161.357,00 | | | 394.171,00 |
| 12 | - - в) СТОКИ И УСЛУГИ (ЗБИР ОД 013 ДО 019) | 161.357,00 | | | 349.139,00 |
| 13 | - - Патни и дневни расходи | 161.357,00 | | | 189.592,00 |
| 18 | - - Други тековни расходи | | | | 159.547,00 |
| 33 | - - е) СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ (од 034 до 038) | | | | 45.032,00 |
| 37 | - - Разни трансфери | | | | 45.032,00 |
| 44 | - - II. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ( од 045-054) | | | | 170.982,00 |
| 48 | - - Купување на мебел | | | | 170.982,00 |
| 59 | - - А) ВКУПНО РАСХОДИ (001+044+055) | 161.357,00 | | | 565.153,00 |
| 67 | - - Ѓ) ВКУПНО (059+060) =105, АКО 061 Е ПОГОЛЕМО ОД 060 ТОГАШ (059+061) =105 | 161.357,00 | | | 565.153,00 |
| 77 | - - II. НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ (078 ДО 082) | 161.357,00 | | | 565.153,00 |
| 82 | - - Други неданочни приходи | 161.357,00 | | | 565.153,00 |
| 103 | - - А) ВКУПНО ПРИХОДИ(068+077+083+088+093+097+101+102) | 161.357,00 | | | 565.153,00 |
| 105 | - - В) ВКУПНО (103+104=067) | 161.357,00 | | | 565.153,00 |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 111 | - - А) АКТИВА: ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (112+113+114+122+123) | 4.354.241,00 | 4.836.396,00 | 134.510,00 | 4.701.886,00 |
| 114 | - - III. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (115 ДО 121) | 4.354.241,00 | 4.836.396,00 | 134.510,00 | 4.701.886,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **115** | - - Градежни објекти | 4.354.241,00 | 4.662.165,00 | 123.771,00 | 4.538.394,00 |
| **117** | - - Опрема | | 174.231,00 | 10.739,00 | 163.492,00 |
| **124** | - - Б) ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА (125+134+135+140+141+142+143+144+145+146) | 1.850.658,00 | 1.285.505,00 | | 1.285.505,00 |
| **125** | - - I. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (126 до 133) | 1.850.658,00 | 1.285.505,00 | | 1.285.505,00 |
| **126** | - - Сметка | 1.850.658,00 | 1.285.505,00 | | 1.285.505,00 |
| **159** | - - ВКУПНА АКТИВА (111+124+147+154+158) | 6.204.899,00 | 6.121.901,00 | 134.510,00 | 5.987.391,00 |
| **161** | - - I. ПАСИВА: ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА (162+163) | 4.354.241,00 | | | 4.701.886,00 |
| **162** | - - Државен -јавен капитал | 4.354.241,00 | | | 4.701.886,00 |
| **173** | - - III. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ (174+175+180+181+189+195+196+197+198) | 1.850.658,00 | | | 1.285.505,00 |
| **198** | - - з) Пасивни временски разграничувања | 1.850.658,00 | | | 1.285.505,00 |
| **200** | - - ВКУПНА ПАСИВА (161+164+165+173+199) | 6.204.899,00 | | | 5.987.391,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **4565** | - 84.110 - Општи дејности на јавната управа | | | | 565.153,00 |

**Потпишано од:**

LILJANA DUKOVIKJ

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/ одбивање) од страна на Централниот Регистар.

ЕМБС: 07406630
Целосно име: АГЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР Скопје
Вид на работа: 510
Тип на годишна сметка: Средства на буџетските корисници добиени по основ на донации /1
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2024

## Биланс на приходи и трошоци

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 44 | - - II. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ( од 045-054) | 30.100,00 | | | |
| 45 | - - Купување на опрема и машини | 30.100,00 | | | |
| 59 | - - А) ВКУПНО РАСХОДИ (001+044+055) | 30.100,00 | | | |
| 67 | - - Ѓ) ВКУПНО (059+060) =105, АКО 061 Е ПОГОЛЕМО ОД 060 ТОГАШ (059+061) =105 | 30.100,00 | | | |
| 88 | - - IV. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ (089+090+091+092) | 30.100,00 | | | |
| 92 | - - Тековни донации | 30.100,00 | | | |
| 103 | - - А) ВКУПНО ПРИХОДИ(068+077+083+088+093+097+101+102) | 30.100,00 | | | |
| 105 | - - В) ВКУПНО (103+104=067) | 30.100,00 | | | |

## Биланс на состојба

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 111 | - - А) АКТИВА: ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (112+113+114+122+123) | 634.706,00 | 863.381,00 | 362.427,00 | 500.954,00 |
| 114 | - - III. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (115 ДО 121) | 634.706,00 | 863.381,00 | 362.427,00 | 500.954,00 |
| 117 | - - Опрема | 582.092,00 | 791.653,00 | 332.604,00 | 459.049,00 |
| 120 | - - Други материјални средства | 52.614,00 | 71.728,00 | 29.823,00 | 41.905,00 |
| 124 | - - Б) ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА (125+134+135+140+141+142+143+144+145+146) | 77.100,00 | 77.100,00 | | 77.100,00 |
| 125 | - - I. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА (126 до 133) | 77.100,00 | 77.100,00 | | 77.100,00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **126** | - - Сметка | 77.100,00 | 77.100,00 | | 77.100,00 |
| **159** | - - ВКУПНА АКТИВА (111+124+147+154+158) | 711.806,00 | 940.481,00 | 362.427,00 | 578.054,00 |
| **161** | - - I. ПАСИВА: ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА (162+163) | 634.706,00 | | | 500.954,00 |
| **162** | - - Државен -јавен капитал | 634.706,00 | | | 500.954,00 |
| **173** | - - III. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ (174+175+180+181+189+195+196+197+198) | 77.100,00 | | | 77.100,00 |
| **198** | - - з) Пасивни временски разграничувања | 77.100,00 | | | 77.100,00 |
| **200** | - - ВКУПНА ПАСИВА (161+164+165+173+199) | 711.806,00 | | | 578.054,00 |

## Државна евиденција

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| **644** | - - Набавна вредност на информациска и телекомуникациска опрема [2]) | 70.226,00 | | | 70.226,00 |
| **645** | - - Вредносно усогласување (ревалоризација) на информациска и телекомуникациска опрема | | | | 2.535,00 |
| **646** | - - Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на информациска и телекомуникациска опрема | 12.557,00 | | | 22.389,00 |
| **647** | - - Сегашна вредност на информациска и телекомуникациска опрема (< или = АОП 117 од БС) | 57.669,00 | | | 50.372,00 |
| **648** | - - Набавна вредност на компјутерска опрема [3]) | 618.144,00 | | | 618.581,00 |
| **649** | - - Вредносно усогласување (ревалоризација) на компјутерска опрема | 437,00 | | | 18.601,00 |
| **650** | - - Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на компјутерска опрема | 143.902,00 | | | 267.618,00 |
| **651** | - - Сегашна вредност на компјутерска опрема (< или = АОП 117 од БС) | 474.679,00 | | | 369.564,00 |
| **652** | - - Набавна вредност на други материјални средства | 68.118,00 | | | 68.118,00 |
| **653** | - - Вредносно усогласување (ревалоризација) на други материјални средства | | | | 2.109,00 |
| **654** | - - Акумулирана амортизација (исправка на вредноста) на други материјални средства | 15.504,00 | | | 28.322,00 |
| **655** | - - Сегашна вредност на други материјални средства (< или = АОП 120 од БС) | 52.614,00 | | | 41.905,00 |

## Структура на приходи по дејности

| Ознака за АОП | Опис | Претходна година | Бруто за тековна година | Исправка на вредноста за тековна година | Нето за тековна година |
|---|---|---|---|---|---|
| 4565 | - 84.110 - Општи дејности на јавната управа | | | | 0,00 |

**Потпишано од:**

LILJANA DUKOVIKJ

CN=KIBSTrust Issuing Qsig CA G2, OID.2.5.4.97=NTRMK-5529581, OU=KIBSTrust Services, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KIBSTrust Issuing Qsig CA G2

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.